**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и дванаесетата седница на Собранието на РепубликаМакедонија, одржана на 16 јули 2002 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 16,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-динот Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Во салата се присутни 74 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и г-да ја отворам Сто и дванаесетата седница на Собранието на РМ.

Имаме доволен број пратеници.

На седницата поканети се претседалелот на Република Македонија г-дин Борис Трајковскики

Претседателот и членовите на Владата на РМ.

Оваа седница е свикана по барање на Владата на РМ.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законат за конверзија и замена на дел од долгот на Владата на РМ кон Владата на САД во проекти со развојни цели преку превремена отплата и отпишување.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување на закон по итна постапка на овој закон.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се предлага Собранието на РМ по итна постапка да го донесе законот за конверзија и замена на дел од долгот на Владата на РМ кон Владата на САД во проекти со развојни цели преку предвремена отплата и отпишување.

Имено, по 2 годишни преговори на Владата на РМ со Владата на САД дадена е согласност од Владата на САД за конверзија и замена на дел од долгот на Владата на РМ кон Владата на САД во проекти со развојни цели преку предвремена отплата и отпишување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, од кои за гласале 66 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник и против гласале 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Комисијата за избор и именување на Собранието на РМ предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за избор на член на Републичкиот судски совет.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои за гласале 44 пратеници воздржано гласале 2 и против гласале 18 пратеници.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за избор и именуваше на Собранието на РМ предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог на одлука за разрешување и избор на членови на Советот за радио дифузија.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои за гласале 48 пратеници, воздржано гласале 4 и против гласале 14 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за избор и именување на Собранието на РМ

предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување и дополнуваше на Одлуката за избор на претседател и членови на Одборот за доделуваше на наградата "11 Октомври".

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, од кои за гласале 48 пртеници, воздржано гласале 3 пратеници и против гласале 10 пратеници.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за разрешување и именување на заменик на секретарот на Собранито на РМ.

Предлогот го ставам на гласаше.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои за гласале 47 пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, и против гласале 9 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на РМ на Собранието му предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог за именување заменици на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 рпатеници, од скои за гласале 42 пратеници, воздржано гласале 6 и против гласале 16 пратеници Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на РМ предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог за именување заменик на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Велес.

Предлогот ви е поделен.

Предлогот на Владата го ставам на гласаше.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои за гласале 37 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници и против гласале 16 пратеници.

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Предлагам дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Се извинувам, процедурално за збор се јави г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине претседателе,

Сметам дека правите процедурална грешка и го кршите деловникот. Сметам дека го прекршувате деловникот и во овие последни денови на работење на Собранието, поточно го прекршувате член 98 и член 99 од Деловникот на Собранието на РМ.

Г-дине претседателе вие на 13 јули 2002 год, под број 07-2812/1 доставивте реешение за свикување на 112 седница на Собранието на РМ со две точки. Пред целата јавност и самите вие овој предлог на дневен ред со решение го дополнувате и постапката на дополнување ја отворивте по барање на Комисијата за избор и именување и по барање на Владата. Не можете да ја затворите, неможете во никој случај бидејќи членот 98 е јасен дневниот ред на заедничка седница на сите Собори се утврдува по Предлог на претседателот на Собранието на почеток на седницата.

По предлогот на дневниот ред претседателот на Собранието ги внесува сите прашања што до денот на свикување на седницата ги доставиле работните тела на Собранието.

Вие ни доставивте две точки на 13 јули. На оваа седница постапувајќи согласно член 99 од Деловникот секој пратеник може и на седницата да предложи на дневен ред за таа седница да се определи прашање, но е должен да образложи.

Вие постапивте и го отворивте дополнувањето на дневниот ред и сметам дека во никој случај неможете да го затворите. Согласно Уставот пратеник и Влада се рамноправни предлагачи на акти за седница на Собранието и 10.000 граѓани. Ние прекутно прифативме и работни тела, што не е согласно со новиот Деловник е регулиран тој пропуст и сметам дека на пратениците треба да им дозволите да го дополнуваат дневниот ред. Ваквиот заклучок е прекршуваше на дневниот ред. До колку сметате поинаку би ве молам да постапите согласно 105 од Деловникот, вашето образложение да го дадете па да се произнесам дали го прифаќам или не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е мој предлог. Јас можам да го дадам на изјаснување на Собранието и ако го усвои Собранието тогаш и ќе важи, тоа е заклучок на Собранието и затоа реков - предлагам на оваа седница дневниот ред да не се дополнува со други точки. Тоа може да го предложам, тоа не е против Деловникот и затоа јас тоа го предлагам и имам право да го предложам. Собранието треба по тоа да одлучи.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине претседателе точно е дека вие на тоа имате право...

**СТОЈАН АНДОВ:**

За да немаме расправии еве го повлекувам предлогот, да не губиме време по општи расправии.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог за донесување на закон за служба во Армијата на РМ со предлог на закон.

2. Предлог на закок за конверзија и замена на дел од долгот на Владата на РМ кон Владата на САД во проекти со развојни цели преку предвремена отплата и отпишување;

3. Предлог за избор на членот" на Републичкиот судски совет;

4. Предлог на одлука за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија;

5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката.за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври";

6. Предлог на одлука за разрешување и именување на заменик секретар на Собранието на РМ;

7. Предлог за именување заменици на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Ве молам дали некој бара збор во врска со предложениот денвен ред.

Има збор г-динот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Мојата интервенција е процедурално, повеќе техничка, меѓутоа сметам дека треба да интервенирам бидејќи во известувањето кое го имаме добиено со Предлогот за денешниот дневен ред, со двете точки Предлог за доенсување на закон за служба во Армијата во РМ со Предлог на закон .

Материјалите кои ги имаме добиено стои "Предлог на закон за служба во Армијата на РМ", па останува отворено прашањето дали Владата достави Предлог за донесување на закон со Предлог на закон, или само предлог за донесување на закон. Односно дали достави закон само во прва фаза, или се работи за закон кој требаше да го достави Владата со наслов како што е во дневниот ред и ние денеска да зборуваме за закон со Предлог на закон, кој би го разгледале денеска и на кој би реагирале амандмански.

Јас сметам дека ова е значајна работа која треба да се расчисти барем технички . Во сите документи треба да стои како што треба, и во дописот од Владата онака како што е во процедурата.

Според она што го разгледува законот најверојатно се работи за Предлог на закон со предлог на закон бидејќи самата пратеничка група на ВМРО-Македонска даде неколку амандмани и го третиравме како предлог на закон со Предлог на закон,. Очекувам дека Собранието тоа ќе го корегира, како и претставникот ан Владата да се изјасни по тоа прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме писмо со кое е испратен материјалот во Собранието каде стои дека Владата поднесува предлог за донесување закон за служба во Армијата на РМ со Предлог на закон. Предлага по нив да се расправа на истата седница.

Значи, со оглед на тоа што не е во прашање сложен, ниту обемен закон Владата согласно член 316 од Деловникот на Собранието на РМ кон Предлогот за донесување на закон поднесува и предлог на закон и тн.

Значи , имаме предлог за донесуваше на закон со Предлог на закон.

Молам дали некој друг бара збор.

Има збор г-динот Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ**:

Почитувани колеги пратеници го користам Деловникот за работа на Собранието на РМ, бидејќи имаме право да го дополнуваме дневниот ред.

Јас барам од претседателот на Собранието на РМ, г-динот Андов да ги утврди на дневен ред двете точки од 110 седница, бидејќи мислам дека поактуелно прашање нема од тоа, а знаеме што се случува деновиве. За 110 седница незнам дали ќе се вратиме, дали ќе имаме време, тоа е точка 16-Информација за откупната политика и цените и пласманот на земјоделско-градинарските производи.

Ве молам тоа прашање мора да го разгледаме, а Владата на РМ мора да даде отчет пред ова Собрание и пред земјоделците кои имаат проблеми.

Исто така и точката 17, што беше должна Владата на РМ да го направи, а до денес немаме информација за превземените мерки и активности за одделни региони во РМ (Кавадарци, Гевгелија, Демир Капија и др.) за последиците од штетите од ниските температури на овошните насади и на лозовите насади.

Ние до денес г-дине Андов немаме ниту информација, ниту одговор за тоа што се презема, па мислам како пратеници дека имаме голема обврска пред граѓаните на РМ. Ве молам да ги утврдитете на дневен ред и да расправаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам го ислушавте предлогот на г-динот Чифлиганец да се уврсти на дневен ред , тоа може да се повлече од 110 седница и да се уврсти овде - Информација за откупната политика и проблемите во откупот..., како што се вика таму.

Предлогот на г-динот Чифлиганец го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 77 рпатеници, од кои за гласале 53 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници и против гласале 20 рпатеници.

Констатирам дека Предлогот на г-динот Чифлиганец е усвоен.

Ве молам, го слушнавте вториот предлог на г-динот Чифлиганец, тра е Информација за мерките што треба да се преземат за компензација или ублажуваше на штетите во поедини региони каде имаше премногу мраз и измрзнување на лозовите насади и овошките.

Предлогот на г-динот Чифлиганец го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале вкупно 72 пратеници,за гласале 54 пратеника, воздржано гласале 9 пратеници и против гласале 9 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен. Има збор господинот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Веќе подолго време ние како пратеници и пратеничка група укажувавме дека се случуваат чудни работи во Мнистерството за внатрешни работи. Многу работи не ни се допаѓаат во тоа Министерството дека единиците не се поднесуваат согласно законите, дека има појави на припадници на определени полициски формации, кои се појавуваат во цивил и тоа повеќе пати. Сведоци сме дека овие два-три дена имаше повеќе такви немили настани така што, во Виница загина едно момче, а во Тетово една девојка и тоа е една нејасна ситуација, не сакам да преодуцирам на припадници на МВР.

Сакам да потсетам на законските одредби дека наредба за интервенција на специјалните сили на МВР има исклучиво министерот за внатрешни работи.

Ме интересира зошто министерот Љубе Бошковски дал наредба за интервенција на специјалните сили, а не интервенирале редовните во состав на силите конкретно во Виница, бидејќи таму постои полиција и полициска станица. Притоа би сакал тоа да биде во текот на денешната седница а не да гласаме никогаш евентуално да не дојде на дневен ред, затоа што начинот на кој министерот го раководи ова министерство, по наше мислење е главна причина за овие немили настани и инциденти. Ние, знаејќи дека се работи за несериозен човек на тоа министерство, не навлегуваме во тоа партијата што го предложила и што го поддржува како министер, дури предложивме закон за пререгистрација на оружјето, закон за одземање на оружјето, меѓутоа Владата тоа го ескивира.со опструкции и затоа сме сведоци на една многу тажна ситуација. Ако вака продолжи оваа Влада со овој министер, за жал, ние ќе имаме повеќе загинати по разни случаи меѓу цивилите, отколку што загинаа во составот за време на одбраната на Република Македонија. Ние стасавме до бројката 31 и 32, што беше случај до крајот на мандатот на оваа Влада.

Затоа молам итна информација и присуство на премиерот или министерот за внатрешни работи да го објаснат однесувањето на припадниците на Министерството за внатрешни работи.и кој дал наредби за интервенција на тие сили.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме ли овде претставник на Владата што може да даде мислење на Владата?

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи јас сум министер на друг ресор, немам целосни информации.во врска со ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали ова може да се уврсти на оваа седница на дневен ред. Дали може да се изготви таква информација сега?

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Немам овластување.

СТОЈАН АНДОВ:

Тогаш ќе го дадам на одлучување на Собранието. Ќе го дадам на изјаснување кога ќе дојдат претставници од Владата.

Ве молам сега давам пет минути пауза, бидејќи компјутерот нешто не е во ред.

(Пауза од 17 до 17,30 часот).

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Информирани сме дека и министерот и заменик министерот за внатрешни работи се надвор од Скопје.и ќе потрае дури да дојдат. Затоа предлагам непосредно ние да одлучиме по предлогот на господинот Китановски, а Владата нека го подготви тоа ние што ќе го одлучиме,доколку одлучиме да се уврсти во дневниот ред.

Ве молам господине Китановски да го формулирате предлогот прецизно.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Информација за настаните во Виница за учество на посебните единици, или претставници на посебни единици и други настани во кои е употребено оружје од страна на припадници на МВР.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувте предлогот на господинот Китановски.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 83 пратеници, за гласале 66 пратеници, воздржано тројца пратеници, против гласале 14 пратеници.

Констатирам дека предлогот на господинот Китановски е усвоен.

Ги молам службите да ја известат Владата за обврската што Владата ја има да приготви информација.

Има збор господинот Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, барам на оваа седница да се вклучи информацијата која беше прифатена од страна на Владата на една седница, па потоа префрлена на друга седница, утврдена на дневен ред, меѓутоа, таа информација ниту дојде од Владата, ниту пак ние пратениците ја видовме, а информацијата беше за раселените лица од липковскиот крај, со посебен осврт за раселените од село Матејче, Ропајце, Опаје и Думановце. Ваква информација ми беше прифатена, меѓутоа, не е ни во писмена форма до нас доставена, а граѓаните сепак, сакаат да знаат што по истата има Парламентот расправано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За деловничка интервенција се јавува господинот Чедомир Кралевски.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Сакам да кажам дека позитивно ќе се орределам по однос на пратеникот Благој Стојковски. Имено, од голем интерес е за целата др-жава, а посебно за град Куманово да се добие една веродостојна информа-циј.ааво врска со раселените лица од липковскиот крај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на господинот Стојковски го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 84 пратеници, за гласале 72 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници и против гласале 8 пратеници.

Констатирам дека предлогот на господинот Стојковски е усвоен.

Има збор господинот Слободан Даневски

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Јас се извинувам господине претседателе што вие не ми да довте збор меѓувреме, јас сакав и процедурално да реагирам. Мојот предлог беше ист како на господинот Китановски да се изготви информација за немилите настани во Виница.

Јас би го замолил господинот Китановски и како човек од подземјето анди граун...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гослодине Даневски не расправаме за тоа.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ**

Бидејќи тој упорно тврди дека ја знае целата ситуација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално. бара: господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас само координатор сакам да ги отфралм ваквите обвинувања кои се однесуваат на член на пратеничката група чиј координатор сум јас во врска со тоа што беше изнесено и господине претседателе ве повикувам вас, иако се работи за член на вашата коалиција да го прекорите пратеникот за таквите зборови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Александар Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

На сто и деветтата седница беше поставен законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните смејства. Во една мошне долга и опсежна расправа, ние како Собрание дојдовме до моментот на изгласување на самиот закон.

Значи, завршена е општата расправа, завршена е расправата по текстот на законот, завршени се сите тие постапки кои се предвидени за донесуваше на еден закон.

Со оглед на тоа дека во тој момент беше, по моја проценка, побарано и добиено пауза, не е извршен само чинот на гласање. Јас барам ова Собрание да ја уврсти оваа точка на дневен ред и со оглед на тоа дека остана само чинот на гласање да пристапиме кон гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на господинот Талевски го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 83 пратеници, за гласале 71 пратеник, воздржано гласале тројца пратеници,против гласале 9 пратеници.

KSнстатирам дека Собранието го усвои предлогот на господинот Талевски.

Има јзбор господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитувани колеги пратеници, јас имам два предлога, меѓутоа едниод од предлозите беше исцрпен од претходниот говорник, меѓутоа јас легитимно како пратеник овде предлагам точката 25, како точка од Сто и деветтата седница:Предлог за донесување на законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон, бидејќи е дојдена до фаза на гласаше да биде уврстена како прва точка и за овој предлог да се произнесе Собранието.

Барам точката која беше уврстена на дневен ред пред малку, да биде уврссгена како прва точка во дневниот ред.

Втора точка која барам да биде увстена во дневниот ред на 3 април о.г. Европската комисија направи документ односно работен документ извештај на Комисијата з:а поранешната зУ[Е]рслокенска Република Македонија извештајот на процесот за стабилизација и асоцијација, сметам дека и до сега Парламентот на Република Македонија требаше да расправа по оваа точка во секој случај, меѓутоа и самиот чин што претставникот оваа комисија во Република Македонија господинот Тешеира и официјално го предаде овој документ до Комисијата за европска интеграција на која претседава претседателот на Собранието, сметам дека е чин кој кажува дека на Европската комисија и е важно овој документ да се најде пред пратениците на Собранието на Република Македонија и е важно за овој документ на ова Собрание да се расправа.

Имено, последните денови сведоци сме дека има забрзани и зголемени напори на макеоднските структури за подобрување на шансите на Република Македонија за интеграција во НАТО структурите. Очигледно и на овој план некаде порано можевме да направиме повеќе, меѓутоа сведоци сме дека се појавуваат разни тела и структури кои сакаат сепак да ги забрзаат тие процеси.

Сметам дека и Парламентот на Република Македонија треба да гичјнаправи сите свои должности и можности кои ги има за да помогне на структурите на Република Македонија кои се активни во интегрирање на Република Македонија во европските структури, на овој начин да помогне тие да имаат повеќе гоанси да ги бранат ставовите на Република Македонија пред овие структури.

Еден ваков работен документ, во кој се изнесени сите оценки за работењето на Владата на Република Македонија пред се, и на други институции кои се значајни за подобруваше и забрзување на реформите во Република Македонија кон оние реформи кон кои се стреми Република Македонија, односно кон реформите кои се блиску до другите европски држави, сметаме дека ако овој документ биде разгледан на Собранието на Република Македонија, без разлика на и негативните и позитивните елементи што се наоѓаат во него, може да биде само придонес во насока за што зборував и претходно. Републичкиот парламент треба да покаже дека има зрелост и контролна функција над Владата на Република Македонија, која како извршна власт е најмногу оценувана во овој документ и со една опсежна анализа, политичка анализа на овој документ сметам дека ние можеме да покажеме кон европските структури сериозност дека сите забелешки и размислувања нивни за реформите во

Република Македонија и за соотојбите во сите области на живеење, на функционирањето на Владата на Република Македонија сме ги сфатиле сериозно и со одговорност кон овој документ. Таквиот однос на Републичкото Собрание, па и на Владата кон овој документ, сметам дека ќе биде уште еден мал придонес кон она за што сакаме да не сметаат во ваквите структури како што се Комисијата на европските заедници, бидејќи не е доволно само одговорот и размислувањата кои ќе ги дадат поедините министерства и Владата на Република Македонија. Тие размислувања и тие ставови на Владата на Република Македонија со разните забелешки дадени во овој документ, верификувани низ парламентарна процедура, а ова е крај, последни денови на Парламентот мислам дека ова се последни можности за еден ваков документ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие навилегуваме во расправа. Кога ќе дојде на дневен ред расправата, тогаш ќе расправаме. Ве молам, завршивте ли? Дадовте образложение и доволно е.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Вие сметате дека е доволно, а јас не сметам така. Иако е несериозна атмосферата во салата, можеби несериозен однос кон ова размислување, кон овој работен документ, докоментот е премногу сериозен и пропустот што би го направил Парламентот на Република Македонија ако не расправа за еден ваков важен документ, како што е мислењето на оваа комисија, може да биде голема грешка на овој Парламент. Затоа, почитувани пратеници сметам дека ова не е некој документ за кој треба да добиеме мислење од Владата, доволно е да го поставиме на седница на Парламентот, а евентуалните мислења и извештај на Владата можат да дојдат во понатамошната процедура, меѓутоа сметам дека ваков документ мора да се најде пред Парламентот на Република Македонија, мора да се расправа и мора Македонија да покаже знак на Европската заедница дека е зрела во кореспонденцијата со вака сериозните документи од страна на Европската комисија што се доставени до нас од една страна и дека Македонија има сериозни институции, кои по редот на нештата како што доликува на европските институции овие документи ги разбледува во сите институции.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**:(Продолжение)

Сметам Дека и претседателот на Собранието *ќе* направи напори во Комисиајта за европска интеграција да биде разгледан во овие последни Денови од овој Парламент и да се даде соодветно значењо какво што залужува.

Заради сите овие образлиожениja што ги дадов и заради сериозноста на точката барам оваа точка да биде ставена дополнително на дневен ред на денешново гласање за дополнвуање на дневниот ред, а од вас г-дине претседател барам посебно да Се заложите оваа точка до крајот на сесијата да биде разглодана од институцијата наречена Парламент на Република Макеоднија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, ние не можеме да расправаме и да го гледаме Извештајот. извештајот за нас е само информативен. Ние можеме да гледаме информација или мислење на Валдата за Извештајто. Тоа е документот што ние можеме да го гледаме овде. Според тоа, ако прифаќате така да го формулираме , информација на Владата за иститo Извештај на Комисијата на ЕУ за соработка со Република Македониаја во периодот од потпишувањето на Спогодбата за стабилност и стабилизација.

Дали се согласувате? (Да).

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Бидојки информацијата на Владата ќе го подобри квалитетот на информациите вов рска со Извештјот, за мене е прифатлив вашиот предлог и молам да го ставите на гласањо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи прифаќате.

Вака формулиран предлогот на г-динот Стојменов го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 86 пратеници, за гласале 32 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале 42 пратеници.

Констатирам дека предлогот на г-динот Стојменво не е усвоен.

Има збор г-дин Симев Вангел.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Се извинувам што излегувам, навистина нема услови отпозади, гласно се дофрлува и Се зборува. Тоа свесно го прават, иако деновите се изброени, барам ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добивте збор за предлагање точка на дневен ред. преминете на тоа.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ќе поминам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте друго.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Да, добро.

Сведоци сме сите дека за денешната 112-та седница се поставувааат најразлични информации што, според мене, немаат тежина да дојдат на дневен ред. А, многу битни точки се изоставаат. Само ќе напомнам од 104-тата седница...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немаме таква точка за расправа. кажете го вашиот предлог.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ќе ви кажам дека беше поставена точка за лилјаците, беше и зборувано, затоа, од тие причини ...

(Реакции и смеење во салата)

Да, за лилјаците имавте поставено, заштита на лилјаците и зборувано.

Од тие причини јас барам и ги молам пратениците да покажат одговорност кон луѓето кои останале без работа, кои се испокрадени, избркани од работа, останале на улица, законот што беше поставен на 104-та седница, точка 19, по барање на г-динот Даневски да се постави меѓу првите 5 точки. И тоа , последниот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие не сте предлагач.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Безразлика што не сум. Јас барам да се...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам исклучете го.

не сте предлагач, немате право да предлагате. Само предлагачот. Само предлагачот има право да го повлекува или да го дава овде.

Сега, напуштете ја говорницата. Напуштете ја говорницата.

Исклучете ја говорницата.

Ве молам напуштете ја говорницата.

Да не викам никого овде, ќе морам да повикам некого да Ве отстрани. Вие го узурпирате правото на другите пратеници.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Имам право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немате право , тргнете се сега.

Одете си , ќе ви објаснам.

Ве молам, сите да знаете, правото на зборување на говорницата илиод место следува во согласнсот со правилата од Деловникот. Некоја точка, било која, што била на било која седница може да бара да се уврсти во овој дневен ред само оној кој ја предложил.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**:

(Од место)

Барањето на г-динот Талевски беше предлог на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш сме анправиле грешка. Тоа беше негов предлог.

Ве молам, значи така не смееме да постапуваме.

Ве молам седнете на своите места.

Има збор Пајковски Латив.

**ЛАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Предлагам на оваа седница да се стави точка разгледување на информација за причините зошто до сега едноод најголемтие села Скудриње не е приклучено на регионалниот водовод Росоки-Дебар.

Само да потсетам, размислувајки за мојов предлог ризикував да бидам осуден од одредени колеги пратеницикако малку досаден, но имајки ја предвид реалната состојба на луѓето во која што се наоѓаат, луѓето од ова село, се работи за 3 илјади жители кои исклучиво заради политички интереси...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Пајковски изложете го вашиот предлог.

**ЛАТИФ ПАЈКОВСКИ**:

Сакав да го образложам предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие поставвуате прашање.

**ЛАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Предлогот е да се разгледа информација и сега сакам да го образложам.

Се работи за 3 илјади жители кои заради политички причини до ден денешен немаат можност да користат вода за сопствени потреби. Овој предлог, ова прашање го поставувам по петти пат во мојот мандат. Неколку пати од страна Владата ми беше

ветувано дека ваква информација ќе биде разгледана од Парламентот, односно дека проблемто ќе биде решен.

На една од минатите седници, поставувајќи го истото прашање и барајќи да се разгледува на седница на Парламентто, мојот предлог не помина на гласање. Овој пат ги молам пратениците да го прифатат предлогот. Во спротивно не би сакал да бидам во улога на оние кои ќе гласаат против овој предлог, а утре, заради политички интереси ќе бидат во селата од мојот регион, во Скудриње, барајќи гласови за изборите.

Молам, овој предлог да биде прифатен.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлгото на г-динот Пајковски Владата да достави инфорамција и таа информација да се уврсти на дневен ред на денешната седница за проблемите со водоснабдувањето на Скудриње и зошто сеуште не е приклучено тоа село на регионалниот водовод Росоки -Дебар, го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 86 пратеници, за гласале 47 пратеници, воздржано гласале 22 пратеници, против гласале 17 пратеници,

Констатирам дека предлогот на г-динот Латиф Пајковски е усвоен.

Има збор г-дин Макрадули Јани.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Барам да се уврсти во дневниот ред инфорамција за случувањата поврзани со автоматската нострифиакција на фалсификувани дипломи.

Како што е ред тројца членови на Комисиајта за образование од редовите на СДС побаравме Комисиајта за образование и наука да расправа за тоа. Но, од нејзиниот претседател сеуште нема никаква повратна инфорамција. Иако, природно инфорамцијата и мислењето треба да го побараме од минситерот за образование, тоа е еден голем Хендикеп бидјеки тој е еден од главните актери во Целиот овој случај.

Автоматската нострифиакција на фалсификувани дипломи е удар на образовниот процес на сите унивдрзитети во РМ, девалвација на трудот и знаењето на илајдници студенти. Третирајки ја дипломата само како парче ахртија, Новковски уште еднаш Се обидува да Се стави над сите меродавни институции на Институтот, заборавајки од акде потекнву аи каде ја стекнал својата диплома. Покрај тоа автоматската нострификација прави удар во уште една сфера, тоа е квалитетот на работата во јавната администрација, бидјеки повеќето фалсификувани дипломи се употребени за вработување во јавниот сектор, односно под закрила на владините институции. Во овојмомент имаме неколку кривични пријави.па мислам Дека Собранието треба да расправа за овој горлив проблем иако во ммеѓувреме уште кој знае што Ќе ни Се случи со однесвуањето на минситерот за образование.

Молам оваа информација да се стави на дневен ре, без разлика што тука немаме меродавен претставник од Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, предлогот на г-динот Јани Макрадули Владата да изготви информација за случајот нострифи

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 88 пратеници, за гласале 50 пратеници, воздржано гласале 10 пратеници, против гласале 28 пратеници.

Констатирам дека предлогот на г-динот Јани Макрадули е прифатен.

Има збор г-дин Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ**:

Господине претседателе, дами и господо пратеници и претставници на Валдата,

Предлагам точката 6-разрешување на заменик секретар на Собранието да се симне од дневниот ред од причина што иамме Закон за државни службеници. Согласно тој Закон имаме интерен акт на Собранието каде фактички престануваат да постојат функциите заменици секретари на Собранието. Така што за ова прашање требаше да се расправа пред 4-5 месеци од тогаш. Сега, практично ние расправаме за нешто што не залужува затоа што имаме тројца секретари на Собранието а разрешуваме само еден. На сите тројца за два месеци им престанува функција заменици секретари на Собранието. Се предлага разрешување на Земри Елези.а се дискредитира и тој и тој што ќе дојде за два месеци. Мислам дека нема логика.

Затоа предлагам точката да се симен од дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејки Собранието штотуку одлучи по тоа прашање, овој предлог не можам да го дадам на повторно изјаснување.

Има збор Ковачевски Стојан.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, претставници на Влада, колеги пратеници,

Познато е по Законот за облигации, евентуалните побараувања од физички лица застаруваат за една година доколку за ова време не се опоменати.

Во последно време маса граѓани се вознемирени од една појава со масовно добивање на подготвени опомени, односно тужби од ЕСМ што предизвикува голем револт кај граѓаните. Има граѓани кои ЕСМ ги тужи за сметки наводноне платени и постари од неколку годИни, постари и од 5 години. Чесните граѓани не можат да докажат дека платиле некои сметки заради тоа што толку години и не ги чуваат тие сметки. Ова кампањско собирање на пари од страна на ЕСМ е жешка тема и жешка појава посебно ког ана дневен ред се законите за приватизација на ЕСМ.

Барам писмена информација од ЕСМ да биде доставена до пратениците, не инсистирам да влезе во дневниот ред, дали се работи за грешка, ако е грека да се корегира ЕСМ, ако се вистински опомени да се објасни на граѓаните, а пратениците да добијат информација.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова нека се пренесе на Владата како оbврска да го информира пратеникот.

Има збор г-дин Алиу Ќани.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Годсподине претседателе, изгледа се јавувам пост фестум, бидејки сакав во времето кога се јавив, за барање на таа инфорамција за раселени лица од Куманово да им дадам подршка на г-дин Стојковски и Кралевски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа го завршивме.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Да, затоа рекво се јавувам пост фестум, само таа инфорамција да биде комплетна, а не парцијална, затоа што имаме граѓани од планинските села кои исто така се раселени во град Куманво.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Бошков Јордан.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам г-дине претседателе.

Овој пат земам збор процедурално. Имено, тоа што имав наумено да го говорам, после консултации со повеќе места во врска со состојбите во системот на Народна банка излегува дека е беспредметно да се иницира во законодавниот дом. Околу тоа не би сакал понатаму ништо да зборувам, иако останува за мене тагата и сознанието за тоа што се наидува врз Република Макеоднија.

Она за што сега процедурално барам збор е следното, кога колегата Даневски настапуваше пред извесно време, тој испушти и не кажа дека тоа што го зборува и од мое име. На неговот излагање следеше реакции од колегата Никола Поповски и тој побара извинвуање.

Јас, во тој дел го давам, барем од мене, тоа извинвуање, Но, мислам дека потребно е да сме фер, отворени и веќе од сега да кажеме дали некој чувствува потреба да даде извинување за тоа како ќе коалицира во иднина.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Морам да кажам, не разбрав што е предлогот за дневен ред.

Одиме понаму.

Има збор Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе,

Предлагам дневниот ред на оваа седница да се дополни со информација со тоа кои се причините за непреземање на мерки од страна на Владата на РМ за спречување на движење наогромен број на моторни возила без регистарски таблички низ патиштата на РМ. Што ќе преземе Валдата на РМ да ја спречи оваа појава?

Бидејки со оваа седница сметам дека ќе работиме , ќе трае до 10 септември, до крајот, оваа точка да биде меѓу последните точки, Владата да изготви инфорамција, ако ми дозволите само со неколку точки:

- сметам дека ваквото дозволување на Владата на РМ низ РМ да се движи огромен број моторни патнички возила без регистарски таблички е една од причините за зголемвување на криминалот во РМ, а една од главните причини за неоткривање на сторителите.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**: (Продолжение)

Сметам дека, особено, во предизборието, врз основа на искуствата од претходните избори, Владата на Република Македонија треба да ја спречиоваа појава, со информација да го информира Парламентот, инаку, во голем дел ќе биде загорозен изборниот процес во Делот на фер избори.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувте предлогот на господинот Гештаковски. Ваква информација да се уврсти во дневниот ред на оваа седница.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 84 пратеници, за гласаа 61 пратеник, воздржано гласаа 3 пратеници, против гласаа 20 пратеници.

Констатирам дека предлогот на господинот Гештаковски е усвоен.

Госпоѓица Шекеринска Радмила.

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, предлагам на оваа седница на дневен ред односно дневниот ред да го дополниме со уште една точка, која би била информација од Министерството за надворешни работи во поглед на новонастанатите проблеми околу демаркација на граничната линија помеѓу Република Македонија и СР Југославија. Имено, веќе беше објавено од Министерството за надворешни работи 9ден подолг период дека демаркацијата на оваа гранична линија Ќе започне и дека тоа е едно од приоритетните прашања за македонската Влада, за да потоа биде соопштено дека оваа демаркација ќе започне од потегот на тромеѓето помеѓу СР Југославија во делот на Србија, Бугарија и Република Македонија, процес кој што сметам дека 69ше подржана генерално и од ова македонско Собрание и беше сметан како една од процедурата

која беше потреба за стабилизација на регионот, особено стабилизација во делот на граничната линија. Меѓутоа, последните информации говорат дека дури и овој дел од демаркацијата се соочува со сериозни политички проблеми, кои очигледно се продуцирани од бугарска страна, бидејќи Република Бугарија одбива да го потпише неопходниот договор, кој што би требало да биде потпишан на трите официјални јазици, на српски, на македонски и бугарски јазик. Овој договор го поставува барањето да биде потпишан, срочен и потпишан од страна на трите држави на англиски јазик.

Понатаму, јавноста не е информирана кои ќе бидат акциите и активностите и на Министерството за надворешни работи на Владата на Република Македонија. Меѓутоа, бидејќи често пати Собранието знаело да ја истакне потребата од завршување, отпочнување и завршување на оваа процедура што е можно побргу и затворањето на прашањето на граници, мислам дека Собранието мора да инсистира од Министерството за надворешни работи да добиеме релевантен податок до каде се работите, зошто се работите во застој и кои се, ако ги има, новите политички проблеми со кои се соочува овој процес.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот Владата да изготви и да достави до Собранието информација која ќе биде утврдена на дневниот ред на оваа седница за проблемите во врска со демаркацијата, одбележувањето на границите на Република Македонија, значи предлогот што го дава пратеникот Радмила Шекеринска го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 81 пратеници, за гласаа 45 пратеник, воздржано гласаа 7 пратеници, против гласаа 29 пратеници.

Констатирам дека предлогот на госпоѓицата Шекеринска е усвоен.

За збор се јави господинот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Барам на оваа седница да се стави точката за информацијата за загаденоста на животната средина во Лојане и Ваксинце, Веќе усвоена точка, мислам на 109-та седница, која пак беше усвоена таа информација уште во 59-та седница во 2000 година, барам да се стави денеска на дневен ред, затоа што веќе помина овој мандат и ова Собранието никогаш сериозно не разговарало за проблеми од еколошка проблематика. Би сакал ова Собранието да го заврши овој мандат со донесување на позитивни заклучоци во врска со таа точка, која

беше усвоена на 109-та седница, односно на 104-та седница во нашето Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Аслан Селмањни точно ни даде предлог како да гласи информацијата, а таа е Веќе еднаш уврстдна на дневен ред и предлогот на господинот Селмани го ставам на гласање.

Ве молам да гласамд.

Вкупно гласаа 74 пратеници, за гласаа 52 пратеник, воздржано гласаа 12 пратеници, против гласаа 10 пратеници.

Констатирам Дека предлогот на господинот Аслан Салмани 9 усвоен.

Понатаму за збор Се јави господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата, Имам две барања за доставување на информации. Едната е мотивирана од присуството на министерот за одбрана и Ќе го замолам со внимание да Ме сослуша, доколку е во можност. Се однесува за состојбите, кои што владеат во одредени Села од Тетовскиот регион, таканаречен Горен Дервен, односно Селата Церово, Ново Село, Рогле, Мерово, каде што С9ласните живеат под класична опсада веќе подолго време, речиси една и пол година. Барам Владата да изготви информација односно да Се достави на една од наредните Седници, за тоа што мисли да преземе за да се нормализира животот таму и да им се овозможи на селаните нормално да си го одвиваат својот живот таму. Дали Владата има планирано да им даде одредено обештетување на селаните за неможноста тие да го обработуваат своето земјиште. По можност министерот да одговори на ова прашање, односно на ова да достави информација во текот на денешната седница, бидејќи претпоставувам дека добро му се познати состојбите таму.

Втората информација е во врска со состојбите во средното образование во училиштата каде што наставата се одвива на албански јазик. Според некои информации големо е незадоволството на родителите и на децата кои што претендираат да станат средношколци, односот на Владата односно на министерот Новковски е доста ригиден во овој поглед. Барам Владата да изготви и да достави информација за тоа што се презема, за да се исполнат барањата и правата на родителите и нивните деца за овозможување на квалитетен опфат на учениците кои што рзавршуваат основно училиште.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Првиот предлог за информација, овде нема одговори, само дали прифаќате или не, мислењето на Владата.

Господинот Владо Поповски, министер за одбрана.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Информација може да му се достави на господинот пратеник со една преформулација на насловот на информацијата, за позициите на безбедносните сили во тој регион и за односите на безбедносните сили со локалното население, одбивајќи веднаш атрибут на окупација или нанесена штета. Тоа не постои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие ќе ја дадете содржината и насловот. Ако не му одговара тоа, тогаш ќе го спориме.

Предлогот на господинот Мевљан Таири го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, за гласаа 47 пратеник, воздржано гласаа 12 пратеници, против гласаа 18 пратеници.

Констатирам дека предлогот на господинот Мевљан Таири е усвоен.

Вториот предлог на господинот Мевљан Таири - Информација за проблемите при уписот во средните школи каде што наставата се изведува на албански јазик, да биде уврстена во дневниот ред, исто така, сега го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, за гласаа 51 пратеник, воздржано гласаа 12 пратеници, против гласаа 14 пратеници.

Констатирам дека предлогот на господинот Мевљан Таири е усвоен.

Господинот Поповски Љубомир.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе,

Јас би сакал да предложам денешнава седница на Собранието да се дополни со две точки на дневниот ред.

Првата се однесува и барам да достави раководството или управниот одбор на МРТВ, а делумно и Собранието како основач на МРТВ, тука значи дел од активноста е и ваша, за актуелните

состојби кои се случуваат во МРТВ деновиве, бидејќи како што знаете таму веќе подолго време има прво латентен штрајк, па сега отворен штрајк и не знаеме како ќе се одвиваат понатаму работите.

Јас би сакал прво прашање да поставам и до претседателот на Собранието и до службите. Мислам дека согласно Законот за радиодифузија, дека раководството на МРТВ е обврзно и должно да доставува годишен извештај за работата. Ако е доствен таков извештај, а не е поделен до пратениците, би било добро да биде одговорено на тоа прашање зошто тоа не се прави. Ако нема таков извештај, тогаш мислам дека исто така должност е на основачот да побара извештај за досегашното работење на МРТВ.

Имено, јас би сакал само да потсетам дека ние пред четири години, кога се конституираше новата власт во Република Македонија, кога дојде на власт актуелната владеачка гарнитура на ВМРО-ДПМНЕ и ПДП-А - НДП. Меѓудругото, на една од првите точки на дневниот рдд беше именување и поставување на генерален директор на МРТВ. Вие знаете дека ние тогаш во една сосема крајно добронамерна и конструктивна расправа укажувавме дека е катастрофална грешка што актуелната владеачка гарнитура на ВМРО-ДПМНЕ за директор на оваа институција поставува строго партиски војник кој што треба во наредните 4 години да раководи. Меѓутоа, тогаш таквите укажувања мислам од наша страна не беа сфатени сериозно, дури мислам со големо задоволство се укажуваше дека се работи за професионалец, Дека тој не е член на најтесното партиско раководство, Дека ќе води сметка, дека станува збор, односно дека ќе биде директор на една институција од јавен интерес, бидејќи како што знаете таа институција се финансира од граѓаните на Република Македонија.

Меѓутоа, морам да кажам дека фактите и состојбите во последните три - четири години од раководењето на овој господин ја доведоа фактички оваа куќа пред еден колапс и би рекол пропаѓање на истата, бидејќи таму во оваа куќа, едноставно се спроведува еден своевиден програмски би рекол, кадровски, па и ако сакате организационен терор, кој што од самата куќа направи да таа го изгуби она Место и она длостоинство на една национална институција која што ја има според законот. Ви се сеќавате многу добро дека тој господин тука пред нас ветуваше брда и долини, само да ги опростиме огромните долгови кои што таа куќа ги имаше према Електростопанство на Македонија, према Македонски телекомуникации. Ние тоа го направивме тука со одлука на Собранието, Се опростија тие големи долгови, така да имаше едни чисти сметки, еден чист терен за работа да од таа куќа направи прав, вистински, јавен сервис, кој ќе ги задоволува потребата на граѓаните. М^ѓутоа, ние сме свидетели, во последно време дека фактички тоа е куќа од јавен интерес, меѓутоа која што работи исклучиво за потребите на господинот премиер Георгиевски, за Владата и за владеачките партии. Ситуацијата или формациите кои што деновиве струјат во јавноста зборуваат Дека во куќава се трупаат огромни долгови, дека се разнесува
или се разнебитува комплентата архива на МРТВ, опремата, дека тоа се изнесува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама сега Не одиме во расправа.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас морам да го образложам предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Доволно го образложивте предлогот. Инаку, после не *ќе* имаме расправа.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Ќе завршам за неколку секунди. Се разнесува и Се однесува во Телевизија 96, која терба да биде партиска куќа и тн. Според тоа, мислам дека апсолутно, бидејќи владеачката партија, парламентарното мнозинство око не им трепнува за тоа што се случува во оваа значајна национална институција од информативен карактер, а Собранието е основач, знаеме кој е тука доминантен носител на власта, ние како опозиција чувствуваме огромна одговорност и загриженост за натамошниот развој за настаните и состојбите во оваа куќа. особено сме загрижени за новинарите, кои постаојано се под еден притисок на партиско дисциплинирање и спроведување на програмска шема. Ова дотолку повеќе е важно, бидејќи се наоѓаме во очи на организирање на претстојните парламентарни избори. Пред малку усвоивме правила за медиумско претставување, каде што оваа куќа има исклучително значајно влијание во моделирањето (ве молам дајте ми услови да зборувам понатаму)....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, вие го дадовте предлогот и треба да завршите.

**ЉУБОРМИ ПОПОВСКИ:**

Господинот Амди Бајрам ми попречува таму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не ви попречува. Ве молам сите пратеници да седнат на своите места.

**ЉУБОРМИР ПОПОВСКИ:**

Така што, токму тргнувајќи од тоа, мислам дека заслужува внимание поставување на дневен ред или добивање на извештај за работата на оваа куќа во изминатите четири години, бидејќи не добивме годишни или посебна информација, затоа што ние не можеме да се помириме со натамошниот развој на загрозување на основните социјални и човекови права на вработените во оваа куќа. Затоа што не можеме да се согласиме со едно лицемерно однесување на генералниот директор, кој што за да си ја испере совеста за овие четири години што направи од оваа телевизиска куќа. Тој, замислете се солидализира со штрајкот на вработените, сега со новинарите. Тој е на чело. Мислам дека МРТВ, дневниците и без разлика на сето тоа почнуваат и завршуваат со Владата, премиерот и тн. Мислам дека се работи за еден врв на лицемерсто на однесувањето спрема тие луѓе. Од тој аспект предлагам оваа точка да се најде на дневен ред. Тоа е едниот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, прво да видиме дали имаме доволен број на пратеници во салата.

Дали може да одлучуваме?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да гласаме по предлогот на г-динот Љубомир Поповски.

Предлогот раководството на македонската телевизија да изготви и да достави информација за тековните состојби во таа куќа, да биде уврстен на дневен ред на оваа седница, го ставам на галсање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 86 пратнеииц.

За гласале 50 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници и против гласале 25 пратеници.

Констатирам дека предлогот на г-динот Љубомир Поповски е усвоен.

Давам пауза од 10 минути.

(По паузата седницата продллжи во 19,45 часот)

Продолжуваме со работа.

Збор има г-динот Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Јас сакам на почетокот да прашам, бидјеќи дневниот ред за денешната седница толку многу го надополнивте со нови точки што незнаеме што денес е на дневен ред. Гласавме за нешто за што сигурно сите пратеници не знаат.

На пример во новиот Деловник за работата на Собранието, а верувам и во стариот имате, кога во предложениот дневен ред ќе се извршат повеќе измени и дополнуваша,утврдениот дневен ред на пратениците им се доделува за време на траењето на седницата. Од денес се работи за една третина туку за повеќе дополнувања на точки на дневниот ред.

Второ, сакам да поставам едно продедурално прашање.

Дали може предлогот на г-динот Талевски за донесување на закон за прогонуваните и осудувани лица да биде предмет на денешната седница бидјеќи таа точка е на една друга седница и како таква неможе да помине од една во друга седница, а особено кога се работи за предлог кој доаѓа од Владата, а Владата денес немаше таков предлог. Значи, ако се прифати нешто од г-динот Талевски, може да се прифати како нова точка на дневен ред па така ако се оди на расправа не може да се оди само на гласање туку треба да се расправа од почеток односно да се отвори општ претрес по тој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема потреба од објаснување. Господинот Талевски предлага, само ако е он предлагач не може да предложи на Владата закон.

Кога ќе дојдеме на таа точка ќе ја утврдиме фактичката состојба и ќе решиме.

Има збор г-динот Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Сведоци сме на повеќегодишно загрозување на животната средина во Велес, како резултат на непреземени мерки за заштита, од страна на некои стопански капацитети, особено од топилницата. Како резултат на таквата загадена животна средина последиците се алармантни, особнео за човекот и растителниот свет.

Познато е дека за таквата состојба судска постапка против државата има покренато општина Велес. Се на се нарушена е една од најважните човекови права, правото на здрава животна средина. Поради тоа барам Владата за оваа седница да даде информација за загрозеноста животната средина и мерките за нејзино санирање и подобрување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на г-динот Настески го ставам на гласање.

Молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата да можеме да гласаме.

Во салата имаме 63 присутни пратеници.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 72 пратеници, за гласале 54, воздржано гласале 7 и против гласале 11 пратеници.

Констатирам дека предлогот на г-динто Настески е усвоен.

Господинот Љубомир Поповски имаше уште едно прашање.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Мојот втор предлог се однесуваше на информацијата во врска *со* киднапираните и исчезнати лица.

Колку што знаете таа информација е на дневен ред на една од незавршените сендици на Собранието.Незнам кои се намерите на претседателот на Собранието во врска со таа точка на дневен ред, дали таа ќе биде ставена на една од наредните, нови седници. Меѓутоа, ценам и морам да признаам дека очекував од страна на моите колеги, двајца претседатели на комисиите за политички систем и за надворешна политика, бидејќи неколку седници се одржуваат во врска со овој крупен проблем кој никако да се разреши во нашата држава, па го покренав ова прашање бидејќи, очигледно кога се помалку останува време за работа или за нови седници на Собранието. Од тој аспект мислам дека би било добро на оваа седница на Собранието оваа точка од дненвиот ред исто така да биде уредена. Ова дотолку повеќе што и лично, пред три до четири месеци барав во форма на пратеничко прашање да добијам одговор, добив одговор од страна на МВР, анкетната комисија за човекови права исто така има свои ставови во врска со овј проблем и барање до Собранието, да биде поставена оваа точка. Двете комисии веќе во неколку продолженија работат и мислам дека би било сосема коректно, сосема оправдано и разбирливо, заради високиот интензитет на тензии што во последно време создадоа околу нерасветлувањето на судбината на киднапираните и исчезнати лица во РМ, Собранието би било добро да ја стави на дневен ред оваа информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оваа информација е на дневен ред. Предлагач е Владата и Владата може само да ја поместува од една во друга седница.

Процедурално за збор се јавува г-динот Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господо пратеници,

Чувствувам обврска да му реплицирам на г-динот Љубомир Поповски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, нема тука реплицирање.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Господине претседателе тоа е процедурално.

Сакам само да ја информиран јавноста и почитуваните колеги пратнеици дека двете комисии веќе имаат пет ислушувања. Така да Собранието е вклучено во процедурата околу киднапираните граѓани.

Господинот Љубомир Поповски, морам да информирам, бил присутен само на една седница. Исто така претениците во опозицијата имаа можност на овие ислушувања да го дадат својот придонес. Нефкусно е сега тој да се игра со судбината на киднапираните граѓани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратнеици Чувствувам за потреба да побарам информација од Владата за функционирањето и динамиката на враќањето на национализираните имоти по законот кој е донесен скоро пред две години, веќе две години функционира па да ја запознаеме јавност и да подискутираме во Собранието за тоа, со која динамика се одвива, колку се вратени и уште колку остануваат за враќање. Тоа е мојата прва информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, Владата да подготви информација за текот на остварувањето на Законот за

денационализација и да биде уврстен во дневниот ред на оваа седница.

Предлогот на г-динот Лазаров го ставам на гласање.

молам да гласаме.

Гласале вкупно 74 пратеници, за гласале 66, воздржано гласале 3, и против гласале 5 пратеници.

Констатирам дека предлогот на г-динот Лазаров е усвоен.

Повелете господине Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Барам уште една информација. Пред еден месец се донесе закнот на штедачите во пропеднатите штедилници, ТАТ, Лавци и Алфа-С.

Барам информација за тоа како почна да функционира тој закон и динамиката на враќањето на пропаднатите влогови на граѓаните на Македонија, на тие несреќни луѓе и како таа ќе продолжи натаму.

Сакам оваа информација да биде подготвена за оваа седница и да се расправа на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го слушнавте предлогот на г-динот Лазаров.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 75 пратнеици, за гласале 66, воздржано гласале 4 и против гласале 5 пратеници.

Констатирам дека и овој предлог на г-динот Лазаров е усвоен.

Има збор г-динот Ристо Тодоров.

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници.

Барам да се изготви информација во писмена форма, не мора да биде уврстена и мора да биде уврстена како точка на дневен ред на оваа седница.

Бидејќи проектот за реализација за спас на Дојранското

Езеро е во тек, Министерството за екологија или владата на РМ, да изготви една писмена информација и да не информира кога се очекува овој проект да биде завршен и дали водата што ке потече по цевоводот ќе биде доволна за да се спаси Дојранското езеро од оваа еколошка катастрофа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова барање службите ќе го достават до Владата, за да се изготви таква информација.

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани господа пратеници, почитуван господине министре,

Со одлуката за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија, сите знаете дека во досегашниот мандат имаше учесник ром, правник, Шабан Селиу. Сега се разрешува. Меѓутоа без да бидеме консултирани, иако тоа место припаѓа на Сојузот на ромите, сега е ставена личност од друга националност.

Барам во Советот на Радиодифузија да имаме учесник ром, како што било досега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Амди тоа кога ќе дојде на дневен ред точката до тогаш има време.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Барам точката од дневниот ред да се повлече.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа ќе каже тој што ја предлага точката.

Има збор г-дино Ќани Алиу.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Господине претседателе, барам да се изготви една информација од страна на Владата, во врска со сместување на учениците кои учат на албански јазик во кумановските училишта а кои поради познатите причини минатата година беа сместени во две основни училишта Така што таму нема ни минимални услови за да се изведува настава, а немам информација што мерки презема Владата за разрешување на тој проблем.

Би сакал да се изготви една таква информација од страна на Министерството за образование.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, ова барање нека се пренесе до Владата, да се достави информација до пратеникот.

Има збор г-динот Алија Шахиќ.

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Господине претседателе, барам една информација од Министерството за образование на Република Македонија,

Бидјеќи бошњаците се влезени во преамбулата на Уставот на Република Македонија, а на ниеден

факултет, на ниеден универзитет не е доставена квота, како би можеле да се запишат. Така што имаме и натаму проблеми со поедини факултети, ниеден бошњак не може да биде примен, бидјеќи не е доставена квота.

Барам под итно Министерството за образование да достави квоти да може бошњаците да се запишуваат на факултетите, бидјеќи мислам дека е време да се спроведе одлуката на оваа Влада и на ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да се достави и ова барање до Владата. Молам, бидејќи нема други предлози, но госпоѓа Магдалена Антова Велевска, има предлог.

**МАГДАЛЕНА АНТОВСКА-ВЕЛЕВСКА:**

Се извинувам малку заради тоа што задоцнив, јас како пратеник побарав до Државниот ревизор да ја достави на увид ревизијата за работењето на Фондот за здравствено осигурување меѓутоа, еве се сетив дека можеби таа работа би можела да се ажурира и ве молам да побарате да влезе на дневен ред, да се приложи извештајот за работата на Фондот за здравствено осигурување за 2001 година, на увид на пратениците на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, извештајот на Државната ревизија да се стави на дневен ред.

Предлогот на госпога Антова Велевска го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеници од кои 46 за, 10 воздржано и 22 против.

Констатирам дека предлогот на госпоѓа Антова Велевска е усвоен.

Има збор господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Барам за оваа седница, бидејќи мислам дека е последна што се закажува во овој парламентарен состав, да се уврсти точка на дневен ред, да се разгледа Извештајрт на Советот за радиодифузија за неговото работење кој нам ни е доставен. Впрочем, тоа нам ни е уставна обврска на овој Парламент да го разгледува и усвојува или одбива тој извештај на Советот за радиодифузија и сега кога веќе имаме некои кадровски предлози за промена на одредени членови на Советот за радиодифузија, барам доколку се изгласа за оваа точка да се стави на дневен ред таа точка да биде по редослед пред точката за разрешување и именување нови членови во Советот за радиодифузија.

Тоа го барам од причина што, ако овој Парламент го усвои поднесениот извештај на Советот за радиодифузија би било нон сенс да расправаме за промена на одредени членови во истиот, освен ако не им е истечен мандатот на одредени членови. Ако ние го одбиеме, тогаш би бил логичен предлогот на кадровската комисија да ни достави предлог за разрешување на постојните и номинирање нови членови во Советот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на господинот Иловски го ставам на гласаше. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 80 пратеници од кои 39 гласале за, 6 гласале воздржано, 35 гласале против.

Господинот Иловски бара поддршка од 10 пратеници.

Има 10 пратеници.

Ве молам изведете поединечно гласање.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

| | |
|---|---|
| ЈОНУЗ АБДУЛАИ | против |
| АБДУРАХМАН АЛИТИ | отсутен |
| АБДУЛА АЛИУ | за |
| ЌАНИ АЛИУ | воздржан |
| МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ | отсутен |
| СТОЈАН АНДОВ | за |
| КИРИЛ АНДОНОВСКИ | отсутен |
| МАГДАЛЕНА АНТОВА-ВЕЛЕВСКА | за |
| ЉУПЧО АНУШЕВ | против |
| АМДИ БАЈРАМ | за |
| ДЕМУШ БАЈРАМИ | отсутен |
| ФАДИЛ БАЈРАМИ | отсутен |
| ДИМИТАР БАТКОСКИ | воздржан |
| МЕРСЕЛ БИЉАЛИ | за |
| ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА | отсутна |
| ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ | отсутен |
| АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ | отсутен |
| СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ | против |
| ВАСИЛ ГАЦОВСКИ | против |
| МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ | против |
| ТРАЈКО ГЕШОСКИ | против |
| АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ | против |
| ПЕТАР ГОШЕВ | отсутен |
| СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | против |
| ЗАМИРДИКА | отсутен |
| ВАНЧОЃОРГИЕВ | отсутен |
| ИЛИЈАЃОРЃИЕВ | за |

ФАТМИР ЕТЕМИ воздржан
ВАСИЛ ЕФТИМОВ отсутен
НАСЕРЗИБЕРИ отсутен
ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО отсутен
МИРКО ИВАНОВ отсутен
ИЛИЈАИЛОСКИ за
ДЕЛЧЕИЦКОВ против
ЖАРКО ЈАНКОСКИ против
НИКОЛА ЈОВАНОВ отсутен
ВЕСНА ЈОВАНОВСКА воздржана
МАРИКА ЈОРДАНОВА против
НАЗМИКАДРИУ против
РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ отсутен
ЖАРКО КАРАЏОСКИ против
РЕНАТАКЕРПИЧОСКА-БОШЕСКА против
МИТКО КИРОВ отсутен
ЛАЗАР КИТАНОСКИ отсутен
САВО КЛИМОВСКИ отсутен
СТОЈАН КОВАЧЕСКИ за
ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ против
ИЛИЈАЛАЗАРОВ против
ЈАНИ МАКРАДУЛИ за
ВАСЕ МАНЧЕВ воздржан
НАТАЛИЈАМАРКОВИЌ-ДИМОВАотсутна
ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА против
ДИСПИНА МАРКОВСКА против
ЗВОНКО МИРЧЕСКИ за
ДРАГАН МИТЕВСКИ отсутен
КИРИЛ НАСТЕСКИ за
РУБЕНС НАУМОВСКИ против
ГОРАН НЕВЕНОВСКИ против
ЛАТИФ ПАЈКОСКИ за
АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ против
ВАНЧОПАНЧЕВ против
ИЛИЈА ПЕМОВ против
ТИТО ПЕТКОВСКИ за
ЧЕДО ПЕТРОВ против
ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ против
АЗИСПОЛОЖАНИ отсутен
СТОЈАНПОПОВ отсутен
ЉУБОМИР ПОПОВСКИ за
НИКОЛА ПОПОВСКИ за
ИЛИЈА ПРАНГОСКИ против
ИСМЕТ РАМАДАНИ отсутен
ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ против
НЕНАД РИСТОВСКИ отсутен
АЦЕ САЈКОСКИ против
АСЛАН СЕЛМАНИ за
БОРЧЕ СИБИНОВСКИ отсутен
ВАНГЕЛСИМЕВ за
РИСТО СПАНАКОВ воздржан
КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ воздржан
ЃОРЃИ СПАСОВ отсутен
МИЛАН СТАВРЕВ воздржан
НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ отсутен
ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ отсутен
ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ против
БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ за
ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ за
ВЛАДО СУГАРЕВСКИ против
ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ отсутен
РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ за
МУХАМЕД ТАИРИ против
АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ отсутен
МЕВЉАНТАХИРИ за
МИТКО ТИЛЕВСКИ против
ЃОРЃИТОДОРОВ за
РИСТОТОДОРОВ за
ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ воздржан
ПАНДЕ ТОМОВ против
КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ против
ГОРАНЧО ТРАЈКОВ воздржан
ТАНАС ТРАЈКОВСКИ отсутен
АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ воздржан
БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ отсутен
СЛОБОДАН ЌОСЕВ отсутен
ТАКИ ФИТИ за
АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ отсутен
ИЛЈАЗХАЛИМИ отсутен
БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ за
СЕЈФЕДИН ХАРУНИ отсутен
КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА отсутен
БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ отсутен
МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ за
ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ за
АРБЕНЏАФЕРИ отсутен
АЛИЈАШАХИЌ против
РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА за

Дали има некој кој не го искористил правотопда гласа? (Нема)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 77 пратеници, за гласале 30 пратенци, против гласале 36 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници.

Констатирам дека предлогот на господинот Илија Илоски не е усвоен.

Господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван господине претседателе, знаете на минатата седница се усвои точка за ромите бегалци од Косово, овде на Парламентот ја усвоивме но не дојде на дневен ред. Нема ни информација од Владата ни дискусија на Парламентот, па ќе ве молам на денешната седница да биде ставена точка на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи не е дојдена таа инфромација, не е ни на Владата, тогаш да одлучиме на оваа седница да ја уврстиме по предлог на господинот Амди Бајрам, Владата да изготви Информација, да ја достави и да биде на дневен ред, така како што предложи господинот Амди Бајрау

Вемолам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници од кои 69 за, воздржано гласале 2 пратеници, против гласале 6 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на господинот Амди Бајрам.

Има збор господинот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Барам Информација од министерот Новковски, да не информира дали донесениот закон за упис дали е тоа закон за упис на студенти на двата универзитети во Македонија на квоти, дали таа одлука е законска или не е. Бидејќи граѓаните на овој начин се делат на граѓани од прв и втор ред. Исто така ние се декларираве дека сме сега заедници ако сме заедници значи нема малцинства. Зошто малцинствата да бидат привилегирани во оваа држава при уписот, а нашите македончиња да стојат на улица да не можат да бидат запишани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам да се пренесе ова барање да се изготви информација за господинот Вангел Симев.

Бидејќи немаме други барања, тогаш го заклучувам претресот по дневниот ред и дневниот ред така како што ви го причитав со сите дополнувања што ги усвои Собранието го предлагам за усвојување.

Молам да гласаме.

Вкупно гласаа 84 пратнеици, од кои 76 за, воздржано гласаа 5 пратеници, против гласаа 3 пратеници.

Констатирам дека дневниот ред е усвоен.

Ги молам службите што поскоро да извадат пречистен текст на дневниот ред и да се подели на пратениците.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага Предлогот за избор на член на Републичкиот судски совет, Предлогот на одлуката за разрешување и избор на членови на Советот за радио дифузија, Прелдогот на одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври" и Предлогот на одлуката за разрешување и именување на заменик на секретарот на Собранието на Република Македонија да бидата разгледани пред останатите точки од дневниот ред за оваа седница.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање. Молам, да гласаме.

Вкупно гласаа 81 пратеник од кои 61 гласале за, 6 гласале воздржано и 14 гласале против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратеникот Чедомир Краљевски предлага Предлогот за именување заменици на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје, да биде разгледан пред останатите точки на дневниот ред.

Предлогот го ставам нагласање.

Вкупно гласаа 82 пратеници, за гласале 59 пратеници, воздржано гласале 8 пратеници, против гласале 15 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За збор се јави господинот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван лретседателе, со оглед на тоа што Пардаментот ги усвои овие мои предлози одредени точки да добијат предимство во нивното третирање, предлагам оваа точка што ја усвоивме сега за Јавното обвинителство, бидејќи не е допрецизирана да биде втора точка веднаш по Републичкиот судски совет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, го слушнавте предлогот на госпдинот Краљевски. Предлогот на господинот Краљевски го ставам на гласање.

**СТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение)

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 81 пратеник, за гласале 58 пратеници, воздржан гласал9 5 пратеници и против гласале 18 пратеници.

Констатирам дека предлогот на г. Краљевски е усвоен.

Процедурално господинот Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Ние дневниот ред денес го усвоивме, го надополнивме. Барам од вас колеги пратеници да ме поддржите, а вдрувам дека во тоа и претседателот на Собранието ќе ме поддржи, бидејќи првата и втората точка не се толку приоритетни, гледам има разбирање за колегата Краљевски. Барам точката која е Информација за откупната политика, пласманот и цените на земјоделско градинарските производи веднаш да биде под реден број три, или под број еден, затоа што актуелноста на точката, а знаеме на колку граѓани во Република Македонија во овој момент тоа им е битно овој Парламент да дискутира. Затоа барам да биде под број еден, или под број три. И затоа барам поддршка од вас колеги пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не сме ја добиле уште Информацијата.

Во секој случај предлогот на господинот Чифлиганец го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеници, за гласаа 35 пратеници, воздржано гласаа 20 пратеници, против гласаа 23 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, се сомневам во гласањето и барам поддршка од 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате поддршка од 10 пратеници. Изведете поединечно гласање.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИК ЧУКАЛИЕВА:**

ЈОНУЗ АБДУЛАИ-против

АБДУРАХМАН АЛИТИ-отсутен

АБДУЛА АЛИУ-за

ЌАНИ АЛИУ-воздржан

МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ-отсутен

СТОЈАН АНДОВ-воздржан

КИРИЛ АНДОНОВСКИ-отсутен

МАГДАЛЕНА АНТОВСКА ВЕЛЕВСКА-за

ЉУПЧО АНУШЕВ-воздржан

АМДИ БАЈРАМ-за

ДЕМУШ БАЈРАМИ-отсутен

ФАДИЛ БАЈРАМИ-отсутен

ДИМИТАР БАТКОСКИ-за

МЕРСЕЛ БИЉАЛИ-за

ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА-отсутна

ЈОРДАНБОШКОВ-за

ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ-отсутен

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ-отсутен

СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ-отсутен

ВАСИЛ ГАЦОВСКИ-воздржан

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ-воздржан

ТРАЈКО ГЕШОСКИ-воздржан

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ-за

ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ-воздржан

ПЕТАР ГОШЕВ-отсутен

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ-отсутен

ЗАМИР ДИКА-отсутен

ВАНЧО ГОРЃИЕВ-отсутен

ИЛИЈА ГОРГИЕВ-за

ФАТМИР ЕТЕМИ-отсутен

ВАСИЛ ЕФТИМОВ-отсутен

НАСЕР ЗИБЕРИ-отсутен

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО-отсутен

МИРКО ИВАНОВ-отсутен

ИЛИЈА ИЛОСКИ-за

ДЕЛЧЕ ИЦКОВ-против

ЖАРКО ЈАНКОВСКИ-против

НИКОЛА ЈОВАНОВ-отсутен

ВЕСНА ЈОВАНОВСКА-воздржана

МАРИКА ЈОРДАНОВА-воздржана

НАЗМИ КАДРИУ-отсутен

РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ-отсутен

ЖАРКО КАРАЏОСКИ-против

РЕНАТА КЕРПИЧОВСКА-БОШЕСКА-против

МИТКО КИРОВ-отсутен

ЛАЗАР КИТАНОСКИ-отсутен

САВО КЛИМОВСКИ-отсутен

СТОЈАН КОВАЧЕСКИ-за

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ-воздржан

ИЛИЈА ЛАЗАРОВ-воздржан

ГОРАНЧО ЛАЗОВ-отсутен

БИЛАЛ ЉУТФИИ-отсутен

ЈАНИ МАКРАДУЛИ-за

ВАСЕ МАНЧЕВ-за

НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ ДИМОВА-за

ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА-воздржана

ДИСПИНА МАРКОВСКА-против

ЗВОНКО МИРЧЕСКИ-за

ДРАГАН МИТЕВСКИ-отсутен

КИРИЛ НАСТЕСКИ-за

РУБЕНС НАУМОВСКИ-воздржан

ГОРАН НЕВЕНОВСКИ-против
ЛАТИФ ПАЈКОСКИ-за
АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ-против
ВАНЧО ПАНЧЕВ-за
ИЛИЈА ПЕМОВ-воздржан
ТИТО ПЕТКОВСКИ-за
ЧЕДО ПЕТРОВ-против
ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ-против
АЗИС ПОЛОЖАНИ-отсутен
СТОЈАН ПОПОВ-отсутен
ЉУБОМИР ПОПОВСКИ-за
НИКОЛА ПОПОВСКИ-за
ИЛИЈА ПРАНГОСКИ-воздржан
ИСМЕТ РАМАДАНИ-отсутен
ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ-против
НЕНАД РИСТОВСКИ-отсутен
АЦЕ САЈКОСКИ-воздржан
АСЛАН СЕЛМАНИ-за
БОРЧЕСИБИНОВСКИ-отсутен
ВАНГЕЛСИМЕВ-за
РИСТО СПАНАКОВ-воздржан
КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ-воздржан
ЃОРЃИ СПАСОВ-отсутен
МИЛАН СТАВРЕВ-против
НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ-отсутен
ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ-воздржан
ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ-против
БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ-за
ЗЛАТКОСТОЈМЕНОВ-отсутен
ВЛАДО СУГАРЕВСКИ-за
ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ-отсутен
РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ-воздржан
МУХАМЕД ТАИРИ-против
АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ-воздржан
МЕВЉАН ТАХИРИ-отсутен
МИТКО ТИЛЕВСКИ-за
ЃОРГИ ТОДОРОВ-за
РИСТО ТОДОРОВ-за
ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ-отсутен
ПАНДЕ ТОМОВ-за
КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ-отсутен
ГОРАНЧО ТРАЈКОВ-против
ТАНАС ТРАЈКОВСКИ-отсутен
АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ-воздржан
БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ-отсутен
СЛОБОДАН ЌОСЕВ-отсутен
ТАКИ ФИТИ-за
АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ-отсутен
ИЛЈАЗХАЛИМИ-отсутен
БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ-за
СЕЈФЕДИН ХАРУНИ-отсутен
КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА-отсутен
БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ-отсутен
МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ-за
ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ-за
АРБЕН ЏАФЕРИ-отсутен
ШАХИ ЌАЛИЈА-воздржан
РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА-за

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 71 пратеник, за гласале 33 пратеници, против гласале 15, воздржано гласале 23 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Господинот Никола Поповски бара збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници,Дозволете ми да соопштам во врска со натамошниот тек на работата на оваа седница и мислењето на нашата пратвничка група, ако ми е дозволено.

Оваа седница беше закажана по итна постапка согласно со Деловникот, по итна процедура без почитување на Деловникот и ние на тоа се согласивме само заради фактот Дека на оваа седница Владата на Република Македонија достави Предлог за дон9сувањ9 на закон за служба во Армијата на Република Македонија, со Предлог на закон, значи за него да дискутираме и да го донесеме во текот на една процедура во текот на денешниот ден. Ние со таква волја и пристапивме на оваа седница. Свесни сме дека деновите за работа на Парламентот изминуваат и дека Се наоѓаме во последните денови од работа на Парламентот и нашата пратеничка група изразува волја да дебатира и да учествува во донесувањето што побрзо на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, со Предлог на закон. На оваа седница исто така увидовме и јас би сакал да зборувам отворено сега вака на крајот на мандатот да не зборуваме во ракавици, дека некои пратенички групи доставуваат предлози со кои сакаат во последниве седници од Собранието да направат некои кадровски рокади во државните органи. Вие ја закажавте седницата како итна по повод донесувањв на Законот за служба во Армијата на Република Македонија кој го тангира работењето на воените лица и цивилните лица вработени во Армијата на Република Македонија. Меѓутоа, сега видовме дека со надгласување свдницата која е свикана за овој закон практично се претвори во седница која приоритвт ќе има назначување на член на Судскиот совет од

редот на пратениците во Собранието на Република Маквдонија. И ние сметамв дека тоа Не е апсолутен приоритет за работа на оваа седница и сметаме дека на тој начин Нема да овозможиме законот за служба во Армијата на Република Македонија да биде донесен. Ако вие сметате и оние кои го изгласаа таквиот редослед на дневниот ред дека пратеничката група на СДСМ ќе се согласи на брзо, брзо изгласување на третата точка, именување на Член на Судскиот совет за понатаму да се премине кон закон за служба во Армијата на Република Македонија, грешите. Сакам да укажам на оние кои го дадоа предлогот да достават нов предлог со кој законот за служба во Армијата на Република Македонија ќе остане прва точка на дневен ред, да работиме по Н9а и да ја донесеме, затоа што ако остане трета, или четврта како што сте ја ставиле вие, сега на предлог на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, тогаш ве уверувам дека расправата по предлогот за именување член на Републичкиот судски совет од страна на пратеничката група на СДСМ ќе трае доволно долго што нема да ви остане време за законот за служба во Армијата на Република Македонија. Јас претпоставувам дека би било порационално како Парламент, прво, да го р9шим9 суштинскиот проблем во одбраната и во Армијата на Република Македонија, отколку да ги решаваме индивидуалните и персонални проблеми на некои луѓе во Парламентов. Затоа, барам од оние кои доставија ваков редослед на дн9вниот ред да размислат и да го вратат во првобитна ситуација за да не се доведе Парламентот во состојба дека донесувањето на Законот за служба во Армијата на Република Македонија Ќ9 Ч9ка повеќе часовна, ако не и повеќе дневна расправа за именување на еден член на Судскиот совет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа се напомени и ставови. В9 молам, ако има некој нешто да предложи, нека предложи, ако не, не можеме да чекаме, треба да работиме.

Минуваме на точка 3 - Предлог за избор на членови на Републичкиот судски совет.

Предлогот ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор.

За збор се јави г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, Во име на пратеничката група на СДСМ барам пауза од еден час.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од еден час.

(Пауза од 19,45 часот).

( по паузата седницата продолжи во 21,05 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Трета точка од дневниот ред- Предлог за избор на член на Републички судски совет.

Предлогот ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-да пратеници, Комисијата за избор и именување на Собранието на РМ ни достави предлог со кој предлага Собранието на РМ да го избере својот потпретседател и пратеник на ВМРО-ДПМНЕ г-динот Томислав Стојановски за член на Републичкиот судски совет.

Разочарани сме заради фактот што Собранието се свика за итна дебата за доенсување на закон за служба во Армијата во РМ, а од како тоа се направи, на мала врата сега очигледно се протуркува нешто што нема никаква врска со итноста во работата на Собранието, туку има нешто што обично се израмнува со едни мали животинки кои тоа го прават кога бродот тоне.

Републичкиот судски совет е државна институција која во нашиот систем е поставена така што на Парламентот му дава предлози за избор и за разрешување на судиите во судството на РМ , ја следи нивната работа, меѓутоа, пред Парламентот доставува и предлози за нивно разрешување. Таа по Уставот и по Законот е непартиска институција, а членувањето во Републичкиот судски совет се коси со членството во политичка партија.

Како што е општо познато, предлогот за кандидатот што ни е доставен за избор во Републичкиот судски совет, г -динот Томислав Стојановски не само што е член на политичка партија, туку е и учесник во раководството на таа политичка партија и колку што знаеме во овие 12-13 години од плурализмот на политичката сцена во РМ е еден од оние кои најмногу придонеле со

својата партиска работа за развој на ВМРО-ДПМН:

(дофрлување од страна на некои пратеници)

Ако мислевте дека ова "развој" го мислев во позитивна смисла се излажавте,мислам дека придонел со негативен предзнак за развојот, меѓутоа партиски е активен член.

Сега Парламентот е доведен во една ситуација во која треба да избере, или г-динот Томислав Стојановски да го отфрли или да го избере. Очигледно е дека парламентарното мнозинство ќе оди на варијантата да го избере Томислав Стојановски за член на Републичкиот судски совет, иако целата логика говори дека не смее тоа да го направи од следните причини.

Процесот за кој зборувавме само на претходната седницата партизација на судството од Врховниот суд па надолу, кој е започнат, сега не само што се запира туку се интензивира до мера да се фаќаат луѓе од клучни партиски позиции, а вие г-до можете да се лутите за тоа дека г-динот Томислав Стојановски претставува важна личност за вашата партија, меѓутоа, колку што знам, од целиот парламентарен сос-тав токму тој во овие четири години е избран за ваш Потпретседател, што значи највисоката функција што ја доби ВМРО-ДПМНЕ ја доби г-динот Стојановски. Можеме да замислиме како во иднина ќе продолжи да работи Републичкиот судски совет со вакво партиско присуство во него, како ќе се чувствуваат судиите во РМ, кога од сега натаму контролата врз нивната работа, нивната стручност, нивното знаење, нивната совеснот ќе доаѓа под лупа начовек кој е политички определен и кој не само што својата политичка определба и своите политички ангажмани ќе ги пренесе во Републичкиот судски совет , туку ќе има очигледна задача дадена од партијата преку ангажманот во Републичкиот судски совет , влијанието на ВМРО-ДПМНЕ во вид на концентрични кругови да продолжи да го шири во Врховниот суд, како што тоа го направи на претходната седница, понатаму во апелационите судови и во основните судови. Можеме да замислиме како ќе се однесува Републичкиот судски совет кон сите оние судии кои треба да ги предлага за разрешување, за именувањ, за избор, за унапредување, кога ќе дојдат под партиската лупа на г-динот Томислав Стојановски со неговото пенетрирање во Републичкиот судски совет, колку судството ќеможе да биде независно, колку ќе се има шанса за пенетрирање во судсвото на сите оние луѓе кои својата кариера ја градат како судска или во рамките на правосудниот систем ви за ви оние кои својата кариера ја градат како партиски личности. Со ваквиот потег практично ние на судството во Македонија му укажуваме, односно оние кои ќе гласаат им укажуваат: Г-да судии, г-до правници, г-до кои работите во судовите, немојте да полагате внимание на својата стручност, немојте да барате да бидете избрани за судии или унапредувани во апелационите судови или Врховниот суд на РМ врз основа на вашето знаење и познавање на судсвото, туку обидете се тоа да го направите по пат на партиски ангажман во ВМРО-ДПМНЕ, затоа што тоа е најкраткиот пат. Без никакво искуство можете да станете судија на Врховниот суд или со долгогодишен партиски ангажман во ВМРО-ДПМНЕ можете да станете член на Републичкиот судски совет и после, се разбира, веќе утредента да положите заклетва дека вие ќе бидете непристрасни, совесни, стручни и политички неопределени, за што ако го прашате г-динот Томислав Стојановски сега, верувам прво што ќе каже дека утре ќе се откаже од својата партиска активност. Меѓутоа, дозволете да соопштам , апсолутно е невозможно еден човек кој толку време членувал и агресивно се залагал за својата партија на сите изборни циклуси да го напушти своето убедување на 70 годишна возраст и да почне да размислува дека во Републичкиот судски совет ќе размислува непристрасно или неполитички.

(реакција од пратеник)

Г-дине Пандов, наместо да ми дофрлате, ако имате нешто во корист на изборот, можете тоа да го соопштите на говорницата. Ако имате нешто против изборот, можете да ми го соопштите исто на говорница, меѓутоа, немојте да ми дофрлате, тоа не ви личи.

Врз основа на тоа, можеме да очекуваме дека се дава лош сигнал на од страна на Македонскиот парламент кон Републичкиот судски совет, особено што ваквиот потез се прави во последните 50 дена од мандатот на ова Собрание или пак во последните два три дена од заседавањето на Собранието на РМ.

Можеме да се потсетиме дека целокупниот состав на Републичкиот судски совет од страна на овој Парламент беше избран пред 2-3 години и дека до колку некој сметал дека треба да биде член на Републичкиот судски совет можело во таа позиција да се откаже од пратеничкиот ангажман и да се префрли во Републичкиот

судски совет врз основа на поддршка од Парламентот. Меѓутоа, г-да пратеници, кога тој потег, кога тој кадровски трансфер се прави во последните два три дена од заседавањето на Собранието на РМ, односно кога се случува во последните 50 дена од изборите, неможеме никако поинаку да го сватиме освен дека некои политички партии и некои луѓе во тие политички партии сакаат својот политички живот да го продолжат на тој начин што од плаштот на Собранието ќе се истргнат под плаштот на божем независните членови на Републичкиот судски совет и од таму во идните седум години, колку што трае мандатот, ќе продолжат политички да делуваат, овој пат во судството на Македонија, плашејќи ги сите оние студии кои носат одлуки независно од својата работа, дека ако нешто не му се допаѓа на ВМРО-ДПМНЕ, секогаш во Републичкиот судски совет тие имаат свој претставник во ликот на г-динот Томислав Стојановски кој ќе може да се јави за збор и да покрене постапка за разрешување на некои од судиите за нестручна и не соодветна работа, како што и досега Републичкиот судски совет ни предлагаше, одкако се стави политичка контрола врз неговата работа. Велам политичка контрола, затоа што на последната седница беше совршено јасно со предлагање на судии во Врховен суд дека има политичка контрола одкако двајцата избрани судии на Врховниот суд, пред да бидат објавени во "Службен весник на РМ" од страна на г-динот претседател беше дозволено да се стават како точка на дневен ред за избор во својство на судии на Врховен суд за членови на ДИК, иако во тој момент не беа објавени во "Службен веник". Таа практика очигледно дека ќе продолжува, со намера да се создаде една хоризонтална и вертикална нишка на влијание во судството од Републичкиот судски совет до последниот суд во РМ.

Со оглед на ваквите факти, го повикувам г-динот Кралевски како предлагач на одлуката, инаку сопартиец на г-динот Томислав Стојановски, јавно да ја повлече одлуката за именување за член на Републичкиот судски совет, затоа што г-динот Томислав Стојановски е партиски определен и тоа се коси и со Законот и со Уставот за неговото членување во Републичкиот судски совет.

Го повикувамг-динот Томислав Стојановски да се откаже од кандидатурата, со што барем на крајот од мандатот, барем со еден потег ќе покаже дека му е дојдено до независно и политички неангажирано судсво и ќе ги остави сите оние луѓе кои работат во судството да го прават тоа врз основа на стручноста, а не врз основа на партиската припадност.

Едновремено сакам да ве известам сите, ставот на пратеничката група на СДСМ е: Првата прилика на поинаков однос на политичките сили во Парламентот, врз основа на истите тие закони, ваквите избори ќе бидат сторнирани, односно во соодветна законска постапка ќе биде извршена промена на ваквото членство, со цел да не се дозволи и потаму да се пенетрира на ваков начин во судството и се разбира во тие услови, оние кои сега преземаат активности да бидат членови ќе се доведат можеби многу брзо во позиција, после неколку месечно, можеби ни толку, членување во Републичкиот судски совет да бидат разрешени од овој Парламент, со образложение дека неможе политички активни, партиски активни луѓе да се инволвираат во судството и после да даваат формални изјави дека се независни, а под тој плашт, во рамките на Републичкиот судски совет да спроведуваат партиска политика.

Од тие причини, пратеничката група и јас лично остро се спротивставуваме на ваквиот избор на член на Републичкиот судски совет и ќе се изјасниме против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Јас ќе реплицирам на г-динот Никола Поповски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие се јавивте за збор, имате добиено збор.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Да, имам добиено збор, но и спомнат сум , па ќе реплицирам. Ке реплицирам во делот како тие би менувале кадри кои ги поставувала оваа гарнитура во Собранието, пратенички или од Владата и ќе ве пот-сетам г-дине Никола Поповски дека вие имавте прилика да ни покажете, кратко време беше за волја на вистината, некои четири-пет месеци, колку умеете и како ќе владеете во случај да добиете власт. Конкретно вашиот потретседател г-динот Владо Бучковски беше министер за одбрана. За неполни четири месеци 700 решенија даде во Министерството за одбрана Значи 700 луѓе кои единствена

причина зошто беа вработени во Министерството за одбрана беше затоа што беа членови на СДСМ. Тоа секој еден го знаеше во Министерството. Сите можни помошници, началници и др. сите до еден беа променети и беа поставени нови луѓе, благодарение на нив-ната партиска припадност. Еве, сега ја гледам г-ѓата Магдалена Антовска позади, па исто непартискиот им лидер од ЛДП Петар Гошев, кој постојано кажува како ние сме ја партизирале државата со партиски кадри, дојде директорот на клиничкиот центар, кон незнам како се викаше, сите до еден по стручност ги смени и по стручност повторно ги назначи само затоа што беа стручни. Всушност сите до еден беа поделени, дали е член на ЛДП или дали е член на СДСМ. Ниту еден таму не беше поставен за стручност, а беа сменети луѓе ако имале било каква близина со ВМРО-ДПМНЕ Затоа, околу вашите експертски и стручни кадри веќе имавме прилика да видиме и немора да ни се заканувате тука и да ни кажувате што вие би направиле кога, не дај боже, народот би дал можност тоа да го правите. Тоа имавме прилика да го видиме, кога до најситна структура не се зани-маваше со ништо друго туку само со тоа, да поставите партиски кадри на озиции или воопшто и да ги вработувате по клуч.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, Денешниот или поточно кажано полноќниот предлог или обид за избор на член на Републичкиот судски совет е уште еден доказ дека ВМРО-ДПМНЕ е свесен за својот пораз на престојните избори и затоа решава да ги удоми своите партиски војници и заслужни членови.

(реакции во салата)

До колку, претседателе ми овозможите услови, ќе им кажам уште нешто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, вие имате збор.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Имам збор, но немам услови.

Значи ВМРО-ДПМНЕ е свесно за својот пораз и затоа решава да ги удоми своите партиски војници и истакнати челници и затоа се рашава да тргне во поход по вработуваша и наоѓање егзистенција, иако тешко некој од нив да ни се обезбедил егзистенција за наредниот период, Малку чудно со оглед на тоа што го привршува заслужениот или незаслужениот мандат, како сакате, но многу вистинито. Целта е јасна, и по евентуалниот пораз на следните избори , кој е по извесен, кадрите на владеачката партија да се задржат на определени клучни позиции, од кои ќе продолжат да го чуваат грубот на нивната опозиција и нејзините челници.

Четвртата т.н. независна судска власт се чини е најпримамливиот залак кој ВМРО-ДПМНЕ се подготвува да го голтне само на два месеци пред случувањето со изборната волја на граѓанте. Некои сакаат додуше да влезат и во Народната банка, ама тоа потешко им оди. Значи, во тек е неверојатна кампања на освојување на овој бедем , четвртата т.н. независна судска власт која во изминатите четири години од владеењето на ВМРО-ДПМНЕ колку толку успеа да ја задржи својата независ-ност и својот углед меѓу граѓаните. За да биде сликата комплетна, само ќе ве потсетам на изјавите на премиерот и претседател на ВМРО ДПМНЕ Љубчо Георгиевски, кој практично и ја најави партизацијата на четвртата власт, веднаш по поништувашето на вториот круг од претседателските избори во 1999 год, кој изјави дека Врховниот суд работи по диктат на опозицијата и затоа неговата главна заложба до крајот на неговиот мандат ќе биде реформирање на таа институција и на суд-свото во целина. За какви реформи се работи веќе можеме да видиме од овој полноќен пример.

Прв чекот во освојувањето на четвртата независна власт е обезбедувањето места во Републичкиот судски совет, чија улога е токму во контролата на работењето во судовите и најважно, кадровската политика во делот на предлагање на нови разрешувања на постојните судии. За оваа улога главен кандидат е никој друг, туку лично г-динот Томислав Стојановски, истакнат правник и најважно , член на најтесниот врв на владеачката партија. Потоа, да се надополни сликата, се најавуваат и околу 300 нови вработувања на припавници во судовите кои, погодувате, ќе се избираат од редовите на независни политички подобни чеда. Секако, се ниша и највисоката судска институција, Врховниот суд, каде како потенцијални кандидати за нови судии веќе видовме дека се избраа истакнати членови не само на ВМРО-ДПМНЕ туку и на нивниот ортак ПДПА-НДП односно ДПА од денес, колку што разбрав. Примерот со Николче Николовски е типичен пример за човек кој без никакво судско искуство стана во 30-тина секунди член на Врховниот суд, а

потоа и член на ДИК како предлог на ВМРО-ДПМНЕ.

Очигледно ВМРО-ДПМНЕ го согледа сопствениот"пропуст", во наводници, од претседателските избори и истиот се обидува да го претвори во своја главна предност на претстојното соочување или подобро кажано модифицирање на изборната волја на граѓаните.

Затоа, не гледам никакво оправдување, без разлика колку еден истакнат правник се смета г-динот Томислав Стојановски, очигледно дека во неговата кариера надвладува истакнатото партиско членство во владеачката партија и неговото место во една независна судска инстанца како што е Републичкиот судски совет е практично беспредметно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам , кој друг бара збор?

Има збор г-динот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, Искрено не верувам дека битно ќе влијаам со своето искажување на одлуката на Собранието, бидејќи тоа е невозможно заради констатацијата на односите во Собранието, но почувствував потреба нешто да кажам во одбрана на интегритетот на Собранието.

Прво, навистина не ни прилега да работиме, некои од вас би рекле партизански, во 21,30 или во 22 часот да бираме луѓе во значајни државни институции како да сме во вонредна состојба во државата.

Второ, искрено мислам дека со овој чин и минатиот избор на судија на Врховен суд дефинитивно ја погребавме правната држава во Македонија. На тоа како Собрание немаме право. Јас вас ќе ве потсетам само како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ, вие во својата програма 1998 година напишавте дека ќе го депатизирате судството, како гаранција за правната држава. Она што го правите денес е апсолутно во спротивност со она што се декларирате.

Сакам да ве замолам, навистина ако има чувство малку на одговорност да не го делеситимираме Собранието и да не ја доведуваме Македонија како држава во апсурдна состојба со партизација на судството тотално. Зарем навистина прилега минута до 12 да се избираат јавни обвинители толку преку трупа, да се бира судија на Врховен суд, па веднаш да се инсталира во Државна изборна комисија, па да се бира наш колега за член на Републичкиот судски совет. Во Уставот е напишано дека Републичкиот судски совет има исклучително важни компетенции, а тоа значи тој да бдее над законитоста во работењето на судиите. Темелот на судската власт. Ако навистина инсталираме таму партиски луѓе не е битно кој ќе е на власт. Дали тие се луѓе препознатливи луѓе, активисти на СДСМ, на ВМРО-ДПМНЕ или на некоја друга партија штетата е иста. Долгорочно гледано Македонија ќе биде делегитимирана како правна држава пред светот. И тоа бидете убедени, имате можност да разговарате со странски претставници во Република Македонија, реков кога го биравте судијата Николовски дека реакцијата надвор беше веднаш, истиот момент, никаква гаранција за странските инвестиции во Македонија ако се партизира највисоката судска инстанца. Со тоа се осакатува Македонија и се ускрату-ваат шансите да бидеме гаранција за странските инвестиции во Македонија.

Ве молам, ако инсталираме партиски луѓе и во судовите и во судскиот совет кој ќе врши контрола на судиите бидете сигурни таква дефинитивна ќе биде и селекцијата утре кога ќе дојде некоја друга по-литичка партија на власт за да може да и докаже на онаа што таа штета ја направила дека не била во право. Јас ве молам да прекинеме, овој Парламент, нека ми извини колегата, не го спорам навистина неговото правно искуство како адвокат, правник. Апсолутно не го спорам. И немам право неговата личност, неговиот правен профил да го напаѓам затоа што е долгогодишен судија и он тоа апсолутно, оваа партиска припадност може и да го заслужи. Станува збор сепак за ослободување од партиски стеги на она што е најчувствително, судот. Утре дали тие судии ќе бидат да судат на луѓето од СДСМ или од други политички партии, или ќе судат во името на законот, јас ви гарантирам ако инсталираме на партиска основа луѓе тие така ќе судат. Оној јадник, најдобар пример ви е, претседателот на судот во Куманово, што го поставивте исто така по партиска основа.

Тој излезе јавно пред медиумите и кажа извинете јас вака морам да судам бидејќи мене ВМРО-ДПМНЕ ме постави за претседател. Тој си призна, јавно призна. Според тоа така ќе судат и сите други утре. Така ќе работат и на изборите. Тие се партиски војници и тие мора да бидат послушници на партијата, ништо друго. Ние можеме партиски да се натпреваруваме во

сите сфери, ама ве молам немојте во судството, немојте во полицијата, немојте во армијата, немојте во образованието, затоа што она што ни се случува, еве оние луѓе што денес прават штета низ државата, убиството што се случи во Јегуновце, тие луѓе објективно ќе бараат заштита бидејќи се партиски војници. Тие сметаат на таков суд. Би-дејќи мене ме псотави, ме избра ВМРО-ДПМНЕ за војник во групата лавови тие сигурно дека ќе ме заштитуваат максимално, затоа што таква ментална структура всадуваме кај нашиот човек не се плаши јас сум за тебе. Тоа значи до крај партиска послушност, до крај разурнување на системот на правната држава кој што е гаранција на човековите права и слободи, број 1. Ако тоа го немаме ве уверувам ништо од државата ако нема правка држава. Ништо од законодавството бидејќи сето тоа ќе функционира по еден друг систем, а најголемата критика на Република Македонија од надворешниот фактор е токму таа корупцијата и отсуство на правната држава и никаква гаранција од судот дека ќе биде задоволена правдата.

Второ, кога станува збор, ќе повторам, не го спора правниот профил на колегата што се предлага, , меѓутоа зошто таму не важи Законот за пензионирање Ако колегата е скоро 70 години, 69 години е, според податоците, мислам врме достоинствено човек да си оди во пензија, да си ги чува внуците. Зарем толку во ВМРО-ДПМНЕ нема правници со искуство кои можат таа функција да ја вршат и на друго место, ама не партиски кадри. Сигурно имате меѓу себе симпатизери, пријатели кои немаат партиски книшки и да ги предложите.

Она што се случува сега ќе се доведете во ситуација со преседателот на Републичкиот судски совет, претходниот претседател си даде оставка заради тоа што се обиде пратеничката група и политичката партија ВМРО-ДПМНЕ да го дисциплинира по однос на некои судии. Човекот собра храброст, имаше доволно доблест и рече извинете јас не можам да бидам партиски послушник и си поднесе оставка од функцијата претседател на Републичкиот судски совет.

Избравте исто така докажан партиски човек кој што, тоа

јавноста го забележи, јас неможев да забележам, го ставивте министерот за внатрешни работи да го чува за секој случај човекот да не поднесе оставка или недај Боже нешто да му се случи. Што бараше министерот за внатрешни работи, точка нема врска со неговиот ресор, цело време кога се бираше судија на Врховен суд да седи тука до претседателот на Републичкиот судски совет. Апсолутно непријатно му е на човекот сето она што го слушаше, заради тоа што тој е свесен дека е длабоко во расчекор неговото интимно сфаќање како правник од она што мора да го направи како пар-тиски послушник. Штета за државата, штета за судството, штета и за овој Парламент што си зема за право да носи одлуки за кадри кои навистина, апсолутно поради партиската припадност немаат право да се најдат таму каде што се предлагаат.

Треба да биде навистина прилог на ова Собрание да кажеме дека имаме сериозни намери да градиме партиска држава. Да не создадеме услов за реваншизми по било кој основ. Мене ми е, морам да признам пред вас совршено јасно зошто тоа така се прави. Свесни сте за тоа дека утре може да се дојде во ситуација, може да ги изгуби, како и што може да остане на власт ВМРО-ДПМНЕ, може да ги изгуби изборите, заради тоа што има многу луѓе со сомнително однесување, дури и со корупција и криминално однесување кои утре треба да бидат заштитувани. Тие можат да бидат заштитувани само доколку ВМРО-ДПМНЕ инсталира по сите инстанци во судската власт, од Основен суд па до Врховен суд. Ако е така тогаш навистина треба да не замисли дали ни треба јавно транспарентно инсталирање на партиски кадри во највисоката судска инстанца.

Заради тоа сметам дека ако пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ толку цврсто стои зад својот кандидат дека барем кандидатот ќе смогне снаги да каже да, имам разбирање како адвокат, бидејќи сигурно претпоставувам дека се соочува во својат адвокатска кариера со исти такви состојби каде што некој заради политичката припадност морал да биде заштитен. Тоа е познато, ниеден систем не е имун на влијанието на извршната власт на политиката, во судството. Токму во името на таквата принципиелност да отстапи простор во Републичкиот судски совет сепак да се инсталираат луѓе кои што немаат партиска хипотека, немаат партиско перо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Благоја Ханџиски.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги,

Прво сакам да потсетам на неколку работи за кои што мислам дека сите овде присутни пратеници, па и тие што ја следат седницата на Собранието на

Република Македонија помалку или повеќе ги имаат истите сознанија.

Прво, верувам дека најголемиот број од присутните повторно ќе кажам кој помалку кој повеќе денеска седне во оваа собраниска сала најмалку 10 часа.

Јас сум веќе 15 часа во собраниската сала. Мислам дека имало ситуации во кои што сме седеле и до 1 часот по полноќ, кога сме носеле исклучително важни законски акти како највисоко законодавно тело во Република Македонија, како што беше тоа случајот на пример со Уставот или со првиот системски закон во Република Македонија, Законот за одбрана

Ние овде денес дојдовме и еве одседуваме 10, а некои и 12, 13 14 часа само заради тоа што верувам дека сите имавме идентична оценка дека за денеска закажаната седница навистина е од исклучително значење иако не е добро што тоа се прави на итна седница на Собранието, да се донесе законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Оваа ситуација во која што ние седиме до вакви доцни вечерни чсови за нешто што ни од даелку не е толку значајно, како што беа актите за кои што сме седеле во изминатиот период и до после полноќ, или како што е овој закон за служба во Армијата на Република Македонија, за кој што сме спремни да седиме толку колку што ќе треба, сега се злоупотребува од страна на одредени пратенички групи затоа што добиле ваква или онаква партиска задача, како да кандидатот за член на Републичкиот судски совет е толку важна исчтитуција во Република Македонија, да е поважна дури и од најголемото законодавно тело, Собранито на Република Македонија.

Трето, сакам да ве потсетам, верувам дека сите ги имаме истите сознанија дека ова е единствен случај во повеќепартиските парламенти, во демократските парламенти, во парламентите на новите демократи што настанаа од 1989, 1990 година, после падот на Берлинскиот зид, а да не зборувам во парламентите на државите кои што имаат долготрајна парламентарна традиција. На итна седница да се предлага, да се распра-ва и да се избира член на Републички судски совет.

Мислам дека со тоа го рушиме дигнитетот на највисокото закондавно тело во Република Македонија и дека продолжуваме со праксата која што и нанесе на државата огромни штети, а тоа да ги изместуваме уставните и законските функции практично на сите институции на државата. Тоа ме потсетува на онаа седница, на која што и инаку многу често самиот се потсетувам во изминатиот период, на која што го биравме актуелниот состав на постојниот Републички судски совет. Таа седница се одржа скоро повеќе од две години после формирањето на актуелната власт. Период кој што беше доволно долг за да се покаже дека од ден на ден слабееја функциите, мобилноста, ефикасноста на повеќе институции во државата, а пред се на најбитните, како што се институциите врзани со безбедноста на Република Македонија и тн. Ние се доведуваме од дена на ден во ситуација во која што институциите на кои што почива секоја стабилна држа-ва се изместува од уставните и законските функции и постојано ја слабвееме нивната функција и ги онеспособуваме да си ги обавуваат основните обврски за кои што тие и се формирани.

Јас се сеќавам на таа седница затоа што имаше многу жива дискусија ; по сите кандидати кои што беа предложени за членови на Републичкиот судски совет. Голем број од колегите пратеници учествуваа во таа дискусија. Мислам дека беше коректна расправата во голема мера. Еден дел од пратениците се разбира во зависност од информациите со кои што располагаа, па дури и во зависност од личните познавања на кандидатите, еве како што беше случајот и со мене. Ги поддржуваа предложените кандидати, зборуваа за нивната стручност, за нивната одговорност, за нивната тесност, зборуваа во суперлативи за нив. Еден дел од пратениците, повторно на база на информациите со кои што тие располагаат и повторно можеби и на база на лични сознанија ги оспоруваа кандидатурите на одре-дени кандидати за членови на Републичкиот судски совет. Мене ми беше јасно дека во една таква ситуација во која што навистина функциите на повеќе витални институции во државата беа разнишани и изместени, дека народот мора во нешто да верува во оваа држава, дека народот мора некаде да гледа можност за заштита и имајќи ги информациите дека колку толку судската власт која што е поделена од трите останати власти, законодавната, извршната власт, дека таа колку толку функционираше и колку толку сеуште не беше изложена на силните партиски притисоци и на партизацијата која се случи во сите области, во сите пори на живеење во сите институции. Ми беше многу јасно колку е значајно да избереме Републички судски совет заради тоа што

знам какви ингеренции има, какви овластувања има врзани за дефинирање на критериумите, за избори и именувања на судиите од основните судови, апелационите, Врховниот суд, врзани за прашањето на работата на Врховниот суд, врзани за јакнењето на независната позиција на судската власт во Македонија во која колку толку сеуште веруваат и се колнеа граѓаните на оваа држава. Затоа ми беше исклучително важно во таа расправа кога ги биравме кандидатите за актуелниот состав на Републичкиот судски совет, единствениот критериум за кој ќе се водиме во давањето или недавањето поддршка на тие кандидати да биде нивната стручност, професионалност, докажаност во праксата, чесност, извршителност и тн.

Во врска со некои од кандидатите почитувајќи ги токму тие принципи и таа обврска што ја чувствував да ја дадам како придонес, како пратеник, член на овој Парламент при изборот на членовите на Републичкиот судски совет, јас ако се сеќавате јавно на оваа говорница дојдов во спор со генералниот секретар на СДСМ, нашиот колега пратеникот Ѓорѓи Спасов кој што на база на одредени свои информации, можеби и на база на лични познавања и тн. ја оспоруваше кандидатурата на еден од членовите на актуелниот Републички совет. Ги бранев информациите кои што ги имав дека се работи за човек докажан во праксата, за добар стручњак, за чесен, извршител, активен во сферата на правото кој што може да даде сопствен придонес да се зајакне функцијата на Републичкиот судски совет, да се даде придонес во зацврстувањето на независната позиција напсудството всп.Република Македонија, квалитетот комплетно во таа об-ласт, подигнувањето бројот на решени судски процеси и тн. Од страна на судиите, се разбира што тие ќе ги предлагаат а ние овде ќе ги бираме.

Заради ваквата дискусија во текот на целиот изминат период многу побудно ја пратев работата на актуелниот Републички судски совет. Имаше чесни исклучоци за кои што зборуваше колегата Петковски каде што во моментот кога се најдоа под голем притисок на партиите од актуелната власт покажаа доблест *и* си дадоа оставки на така високи функции како што беше функцијата претседател на Републичкиот судски совет. Меѓутоа факт е и тоа дека гледајќи како работеа, што работеа и како во еден дел го сработија тоа што го сработија, гледајќи дека попуштија под притисоците за партиски влијанија во судството, во овој, еден од највисоките органи во судската власт во Република Македонија. Гледајќи дека во из-минатиот период излегуваа со решенија, излегуваа со предлози кои што не почиваат на критериумите кои што сами ги усвоија, кои што не ги почитуваат критериумите за стручност, за исполнителност, за одговорност, чесност и извршителност на кандидатите кои што ни ги предлагаа за избор на судии во основните, апелационите и во Врховниот суд и тн. се покажа дека Републичкиот судски совет не го даде очекуваниот придонес за развојот на судската власт, за зацврстувањето на нејзината независна позиција во Република Македонија.

Сега, денеска, со овој Предлог кога на итна седница, во ситните вечерни часови, само затоа што некој од нашите колеги добиле таква партиска задача се предлага во Републичкиот судски совет да се избере истакнат член на партијата ВМРО-ДПМНЕ кој што се наоѓаше и се наоѓа на највисоки партиски функции и на функции на Собранието на РМ, повторно добиени на база на тоа што го одработил за партијата ВМРО-ДПМНЕ. Ние само ја зголемуваме опасноста од партиски влијанија, од понатамошна партизација на овој , како што реков, еден од највисоките органи во судската власт во РМ и создаваме и понатаму услови за известупање на уставната и законските функции на овие битни институции во државата. И, се разбира создаваме предуслови не да дојде во преден план квалитетот во судството, лиуѓе кои се ценети од своите колеги, луѓе кои се доволно стручни, доволноискусни, доволно одговорни.

Затоа сметам дека со прифаќањето, прво, да се стави точката на дневен ред на итна седница, второ со давањето на предлгоот да е истакне кандидат кој е истакнат партиски функционер на најголемата партија од партиите на актуеланта власт, ние како парламент, како многу пати досега, затоа што не се сеќавам кога сме одржале регуларна седница, веќе неколку месеци држиме само итни седници, ние паднавме на испит. И, придонесуваме не да се задржи уставната поделба на властите во РМ, туку да дојде до уште поголемо мешање а ингеренциите на едните и другите.

Отука, чувствував потреба да укажам на тоа дека Парламентот.Собранието на РМ ќе аннесе дополнителни штети со прифаќањето на точката на итна седница и дека ќе придонесе да и понатаму РСС трпи и прима од надвор партиски влијанија и во него да се инсталираат директно највисоки

партиски функционери од партии што се на власт. Тоа мислам дека не треба овој Парламент да си го дозволи.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Талевски Александар.

(Дофрлање од место)

Да не е грешка?

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Не е грешка претседателе. Јас незнам зошто кога се јавуваме ние од позицијата за вакви прашања мислите дека е грешка. Не, не е грешка, јас се јавив да го кажам моето мислење околу изборот на г-динот Томислав Стојановски за член на Републичкиот судски совет.

Овде се изнаслушавме многу работи. Она што беше апсолутно најпотенцирано беше апртизацијата на судството што го прави ВМРО-ДПМНЕ. За да се искаже оваа тешка констатација пред се треба да се има образ и треба да се има чист бег граунд, односно тоа ќе може да го кажат оние луѓе кои не вршеле партизација во судството на РМ.

Знаејки го целиот историјат на правосудството во РМ, знаејки од кои идеолошки матрици се донесени законите, кој го обмисли начинот на избор на судии, начинот на избор на РСС, мислам дека е излишно да се елаборира кој ја прави, кој ја веќе направи, кој ја изврши пенетрацијата на политички послушници во судската власт во РМ.

ВМРО-ДПМНЕ, доаѓајки на власт,еден од главните проблеми како на власта така и воопшто на функционирањето на државата е функционирањето на судството. Имено, со недостаток на квалитетно судство, политичките партии во игра пуштаат разно-разни шпекулации што никако не можат да се потврдат или да се одречат во една регуларна судска постапка. Сето тоа покажува едно жестоко влијание во судството и ние, како политичка партија.која сака да направи барем ако не може деполитизација, да направи тотална деполитизација на судството, бидејки законската регулатива е така добро осмислена што тој сегмент на власта во РМ и после заминвуањдто на бившата власт остаува жестоко заштитен, токму затоа д аможе да продолжи да имплементира некои идејни, некои политички решенија на сегашната опозиција. Така што овие луѓе, сепак не ќе можат да зборуваат за апртизација на државните функции.особено не затоа што само ако ја свртиме следната страница од предлгоот на Комисиајта за избори и именувања, ќе прочитаме Дека таму Се менуваат некои членови на Советот за радиодифузија, каде што аналогиите на политичкото влијание се толку очигледни, да едноставно мене ми е малку чудно штонекои господа , мошне добро едуцирани, на мошне чувствителни функции во државата РМ како што е образованието си дозволуваат да Не свртат една страница и да погледнат Нешто што тие го критикуваат токму во овој момент. Видете, така не се оди напред.

Ако ние немаме доблест да ја прекинеме партизацијата во своите редови, ве молам не си дозволувајте да критикувате билокаква постапка на Некој друг. Особено, затоа што ако некој од нас овде, јас ќе бидам малку невкусен, повеќето од нас ја прочитале биографијата на г-динот Томислав Стојановски, мислам многу тешко ќе најдат било каква забелешка во однос на стручноста и во однос на неговито развој како правник, како судија, како претседател на Општинскито суд, како адвокат и т.н. и т.н.

Видете, како во ова Собрание, така и надвор од ова Собрание се познати моите разлики во сфаќањата и исполнувањето на функцијата потпретседател на Собранието од страна на г-динот Стојаовски. Јас останувам на тоа мислење дека има тука квалитативна разлика и тука Не се согласуваме. Можеби има некои подлабоки антагонизми, но воникој случај тоа не ме доведува во состојба да ги намали неговите вредности како правник.

За волја на вистината и за волја на јавноста во РМ би потенцирам дек анашиот кандидат, кандидатот на Комисијата за избори и именвуања има дипломирано на Правниот факултет во 1958 година. Многу добро знаеме што значи во тие години човек во Република Макеоднија да биде дипломиран правник, од 1958 година. Само да продолжам да цитирам некои работи. После две години положува правосуден испит, се вработува во Општински суд Кратово, станува претседател на Општински суд, станува адвокат во далечната 1963 година. И, можеби, ова што моите ценети колеги кажуваат дека комунизмот упропастил или воздигнал некои луѓе, баш ќе потенцирам дека во тоа време една од поголемите доблести е да се влезе во сигурните судски води, да е навлезе во адвокатските води. Така што тоа го земам како позитивно. Потоа станува пратеник во Собранието во првото Собрание, каде што ја работи најодговорната функција, а тоа е претседател на Законодавно-правна комисија и т.н. и т.н. За течението на овој мандат јасно зборувам затоа што околу тоа имаме

несогласување, што Не ми пречи да ги потенцирамовие работи.

После вака исцрпни излагања на неколку мошне експонирани членови на СДС веднаш се поставува прашање зошто СДС жестоко реагира на било кој, ама потенцирам на било кое назначување на функционер во судската власт? Почнувајки од најобичните судии, потоа членови на апелациони судови, член на Врховен суд како еден најжесток аргумент.

Имено, тоа што е присутно во сите посткомунистички земји, а тоа е присутно во РМ е тоа дека партиите наследнички на апсолутната власт што владееше во тоа време, едноставно некои работи ги чувствуваат за свои. Едноставно, мислам дкеа не можат да разберат дека некои работи не Се нивни. Дека некои работи се од државата. А државата, дефакто, Не е нивна. Исто така, многу тешко се сваќа кај нас дека власта не е нивна. Власта не е ни наша. Власта Се добива на избори. Тој психолошки момент се засилува како што оди циклусот на изборите, со акцент на парламентарнит е избори, бидејќи како држава функционираме како парламентарна демократија.

Следејќи ги сите настапи на моите почитувани колеги од СДС кога доаѓаат предлози за било какви кадровски решенија во судството, дури сега мене ми станува јасно како можеа да Се случат онакви избори во 1990 година, во 1994 година кога една мошне силна и сериозна политичка партија како мојата се откажа. Дури сега ми станува јасно каде е главниот клуч за спроведување на избори.

(Дофрлање од место).

Благодарам што Ме потсетивте.

Исто така, анализирајќи ги сите тие состојби со мошне чиста совест можам да потврдам Дека победата на тогашната опозиција во 1998 година ќе беше сигурно поголема, сигурно поуверлива ако не беше Ж9стокото влијание на тогашната позиција на правостудните органи во РМ. Така што она што Се намдтнува како заклучок е Дека со сите средства дозволени или не, со сите компарации, дали се на место или не се, ние Ќе го браниме таканареченото Независно судство. Тоа е само поради тоа што СДС, како последен бастион останат од времетраењето на владеењетото на мојата Влада ќе го рачуна судството. И, особено тоа е битно сега кога Се изборите на праг.

Ако ние направивме така добри закони, така добар Изборен Закон, Закон што беше усвоен од Собранието на РМ, тоа значи...

Со оглед на тоа Дека гледам Нема многу интерес за разговарање на оваа Тема, особено затоа што Дефакто фактите Се на наша страна, повторно потенцирајќи дека јас како пратеник од ВМРО-ДПМНЕ кој е познат, а познат сум и на моита колеги од СДС дека немам добри релации со потпретседателто на Собранието, но тоа воопшто не ми пречи да настапам и да го дадам својот глас за неговиот избор, само и единствено поради тоа што неговата биографија е чиста и поради тоа што само единствено на тој начин, можеби, потенцирам можеби во РСС ќе се создаде баланс на накои политички партии. Бидејќи моменталниот баланс во РСС се знае чиј е. Затао , за разлика од минатиот парламентарен состав, овој парламентарен состав собра сили неколку предлози на РСС за судии не ги изгласа. Мислам дека можете да претпоставите зошто ова Собрание не изгласа некои предлози. Така што апелирам до моите колеги да бидат трпаливи, да заврши општата дискусија, да пристапиме кон гласањето и на овој начин да помогнаме, ако на можеме да помогнема во дапартизацијат на судсвото, барем да помогнеме во воспоставување на баланс за да може да добиеме конечно што поквалитетно судство во РМ.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, сега е 22,00 часот, ќе продолжиме утре во 12,00 часот.

(Пратеникот Никола Поповски прашува со коај седница ќе се продолжи утре)

Кога ќе продолжиме ќе ве известамутре наутро.

(Седницата прекина со работа во 22,00 часот.)